# С А М О Е В А Л У А Ц И Ј А

## на училиштето

**Штип, февруари 2026 година**

## *Лична карта на училиштето*

| *Идентификациони податоци* | |
|---|---|
| Училиште | СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип |
| Адреса | Ул. „Васил Главинов“ бр. 4, Штип |
| Контакт податоци (тел., факс, е-маил, веб-страна) | 032 / 391 459 , 032 / 380 633<br>sstojmenski@yahoo.com<br>www.slavcostojmenski.edu.mk |
| Период на подготовка на СЕУ | Јануари-февруари, 2026 година |
| Број на ученици во училиштето | 409 (175 момчиња и 234 девојчиња) |
| Број на паралелки | 27 |
| Директор на училиштето / име и презиме | Весна Ристова |
| Потпис | |
| Претседател на УО / име и презиме | Сашко Богатинов |
| Потпис | |
| Дата на основање | Со одлука на Министерот на просветата (СН бр. 10266 од 28 август 1920 год. Штипската гимназија прераснува на степен полна – со наслов Државна реална гимназија. |
| Подрачја | -Општествено-хуманистичко подрачје, А и Б пакет<br>- Природно-математичко-подрачје, А и Б пакет<br>-Јазично-уметничко подрачје, А и Б пакет |
| Училиштето поседува | - Зграда од тврда градба на четири ката, во сопственост на Локалната самоуправа;<br>- Училишна спортска сала<br>- 27 училници, 1 кабинет по информатика,<br>- Училишна библиотека / читална<br>- Компјутери - 23 лап топ – 36, Интерактивна табла - 23, LCD-проектори - 25, ЛЦД телевизори – 2, печатачи – 18, скенери- 1, фотокопир – 1 (бнефункционален), касетофони – 10, звучници – 12. |

### *Локација на училиштето*

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски” - Штип, се наоѓа во централниот дел на градот Штип, на ул. „Васил Главинов” бр. 4, сместено на левата страна од реката Отиња, во непосредна близина на Собранието на општина Штип, со поглед свртен кон тврдината Исар, опкружено со значајни институции во кои се негува културното наследство, традицијата, штипската гостопримливост и обичаи.

### *Вид на училиштето*

Во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски” - Штип, изведувањето на наставата во образовната копонента се реализира според концептот за реформирано гимназиско образование.

Со голема чест и гордост го носиме името на штипскит, визионер, идеолог и револуционер Славчо Стојменски, кој на 11 октомври 1953 година е прогласен за народен херој и патрон на нашето училиште. Долгогодишната традиција на училиштето започнува во далечната 1913/14 година, кога за прв пат е отворено како нижа гимназија, го носела името Српска кралска гимназија и работи како неполна гимназија. За прв нејзин директор бил наименуван Трипковиќ Лазар кој работел од 1913 до 1921 год.

Во учебната 1944/45 год. Гимназијата наставната работа ја започнала како установа на Штипската област и Обласниот НОО во Штип. Се отворил и интернат во состав на Гимназијата. Во тоа време како директори работеле: Настев Панче, Ташков Атанас, Мојсов Јован, Димитар Шопов и др. Овој период по ослободувањето е значаен зошто училиштето работи со ученици од први до осми клас.

По учебната 1956 / 57 год. ќе се школуваат само ученици од петти до осми клас, односно од први до осми клас, а учениците од петто до осмо одделение ќе се приклучат кон новообразованите осмогодишни училишта во градот.

Во периодот од 1967 / 68 год. бил донесен Закон за гимназиите. Штипската гимназија работела со две насоки: гимназиска и економска, во кои биле запишани ученици од први до четврти клас. Тие биле распоредени во следните насоки: општо-гимназиска, математичка, општествено-јазична, економска и природно-математичка. Во тоа време, па сè до 1984 год. како директор бил Александар Аговски.

Во учебната 1982 / 83 бил донесен Закон за средно насочено образование, кој започнал да се применува од учебната 1983 / 84 год. Во училиштето се запишале 848 ученика, распоредени во 20 паралелки. На училиштето за средно образование во Штип му биле доделени следните насоки: математика со информатика, основи на градежништвото, македонски јазик со марксизам и

македонски јазик со странски јазици. Во тоа време долгогодишниот директор Александар Аговски заминал во пензија, а за нов директор била избрана Милена Кокотова. После нејзиното заминување од функцијата Директор, како 22 по ред е назначен Глигор Анастасов, кој раководи до 1999 година.до 2002 година раководнат функција ја имаат уште двајца директори: Боце Панов и в.д. директор, Арсова - Нехтенина Ефче. Од 2002 г. до 2020 година гимназијата е под раководство на Ристо Петковски. По неговото заминување во пензија, Тамер Јамаковски, а од декември 2021 година, за раководител, училиштето ја доби в.д директорката Весна Ристова.

По 1991 / 92 год. училиштето работи само како гимназија со ученици од прва до четврта год. Од учебната 2000/01 се воведува реформирано гимназиско образование, застапено со две подрачја: природно-математичко и општествено-хуманистичко. Во учебната 2004/05 год. излегува првата генерација од ова образование, а генерацијата од учебната 2007/08 год. треба да започне со полагање на државна и училишна матура.

Во сите периоди од постоењето на училиштето, играло важна улога во животот и развојот на Штип и Штипско. Високостручниот кадар давал голем придонес во развојот на просветата и културата на градот и пошироко. Штипската гимназија дала четири народни херои во НОВ и Револуцијата: Ванчо Прке, Славчо Стојменски, Михајло Апостолски и Љупчо Арсов. Гимназијата дала и голем број на други луѓе кои во најтешките денови од развојот на државата ја презеле одговорноста во свои раце. Доволно е да се споменат: Михајло Апостолски, Александар Грличков, Киро Глигоров, Ацо Шопов, Димче Беловски, Михаил Ренџов, Методи Чепреганов, Жан Митрев и многу др. кои излегоа од гимназиските клупи, станаа доктори и доктори на науки во најразлични области кои денес се светски признати и ценети за својот придонес што го дадоа за развојот на научната теорија и пракса.

Со името на Гимназијата „Славчо Стојменски”, со нејзиниот историјат, традиција и постоење се поврзани голем број на награди и признанија (групни и поединечни), кои претставуваат гордост и за градот Штип. Признанието 8 Ноември на град Штип, за постигнати особени резултати со својот ангажман во правец на афирмација на град Штип, за 2006 година, е веќе дел од нашето постоење.

На 19 декември, 2013 год. свечено беше одбележано 100 годишното постоење на гимназиско образование и 100 години матурски таблоа на илјадници матуранти. Во мај 2015 г. ЗНМ, на Гимназијата ѝ додели Признание за најдоброто од Истокот, за особено остварување во образованието.

Како сведок за постоењето и успешноста во работењето на Гимназијата, нејзиното значење, место и улога во образованието на РС Македонија, се и добиените последователни две највисоки оценки (Мн. добар 4) во март, 2011 г. ,во

јуни 2014 г. и ( Мн. Добар 3.56 ) во 2023 г. од страна на Инспекцискиот надзор, на спроведената Интегрална евалуација.

Воспоставената платформа за успешно работење продолжува континуирано, со голема посветеност до ден денес, за што сведочат бројните награди и признанија кои се втемелени во постоењето на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип.

## *Самоевалуација на училиштето: СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ - Штип*

### *Вовед*

Согласно член 64-б од Законот за средно образование, ("Сл.весник на РМ", бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18, и ("Сл.весник на РСМ"229/20, 78/25, 132/25, 250/25) и член 19-а од Статутот на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски' – Штип, директорот на училиштето, на седница на Наставничкиот совет одржана на ден 15.01.2026 година, формира училишна комисија за спроведување на Самоевалуација, во следниов состав:

| Бр. | Име и презиме | функција во училиштето |
|---|---|---|
| 1 | М-р. Татјана Кокотова | стручен соработник |
| 2 | Радица Јованова | наставник |
| 3 | Љубка Михаилова | наставник |
| 4 | Елена Дуткова | наставник |
| 5 | Драган Станковски | родител |

Се формираат и работни тимови за спроведување на самоевалуацијата на училиштето, за сите седум подрачја на самоевалуација, усогласени со индикаторите на квалитет и подрачјата од интегралната евалуација, во следниов состав:

**I. Наставни планови и програми - работен тим**:
1. Јулија Андова
2. д-р. Данка Јовева
3. Марјана Младеновска Петрова

**II. Постигнувања на учениците – работен тим:**
1. Елена Дуткова
2. Љубка Михаилова
3. Билјана Стаменкова

**III. Учење и настава – работен тим:**
1 Радица Јованова
2. Габриела Андова
3. Марија Кулакова

**IV. Поддршка (помош) на учениците – работен тим:**

1. д-р Наташа Лазарева
2. м-р Емилија Шекеринова
3. м-р Викторија Смилкова

**V. Училишна клима - работен тим:**

1. Тамер Јамаковски
2. Снешка Фенева
3. м-р Емилија Наунова

**VI. Ресурси – човечки, материјални финансиски – работен тим:**

1. м-р. Петре Петковски
2. Бети Ангеловска
3. Лазар Цветановски

**VII. Управување (раководење и креирање на образовна политика) – работен тим:**

1. Сашко Богатинов
2. Кети Додева Трајчева
3. Горан Иванов

| | |
|---|---|
| Координатор на тимовите | м-р.Татјана Кокотова |
| Функција во училиштето | психолог |
| E-mail адреса | t.kokotova@gmail.com |
| Тел. број | 078 473 190 |

Во секое клучно подрачје, работните тимови за самоевалуација работеа по определениот број на индикатори и соодветните теми, кои го мерат квалитетот на работата на училиштето.

Како извори на докази се користеа методи и техники на квалитативна и квантитативна методологија: систематско набљудување (протокол на набљудување, дневник на набљудување), анкетирање (анкетен прашалник) за ученици, родители, наставници, технички персонал, директор, интервјуирање (протокол на интервјуирање), анализа на педагошката евиденција и документација, анализа на тестови на знаење по наставни предмети.

Процесот на самоевалуација како сеопфатна анализа на состојбите во Гимназијата се спроведе во периодот од јануари 2025 г. до март, 2026 година, а обработените податоци ни даваат реална слика за тоа:

- Каде сме ние сега?
- Што е она, што го работиме добро?
- Што другите мислат дека работиме добро?
- Што можеме да направиме подобро?
- Каде сакаме да бидеме?

Преку одговорите на овие значајни прашања ги откриваме јаките страни на работата на нашето училиште, водиме грижа за нивно успешно опстојување, но исто така ги откриваме и нашите слаби страни ( приоритети ), кои треба да ги развиваме и усовршуваме.

Од извршената самоевалуација, приоритетните прашања кои според своето значење бараат решавање, во наредниов период ќе бидат планирани и разработени во Развојната програма на училиштето, и истите ќе се операционализираат во предвидените временски рамки.

**Подрачје 1: Наставни планови и програми** **Ниво на евалуација: многу добаро**

<table>
<tr><td colspan="2">1.1 Реализација на наставните планови и програми; Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Применувани наставни планови и програми</li><li>Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми</li><li>Приспособување на наставните планови и програми на децата со посебни образовни потреби</li><li>Избор на наставните предмети</li><li>Планирање на активности за реализација на слободните часови / проектните активности на училиштето<br>- План на активности за реализација на еколошки проекти и точки на акција од воспоставените еко-стандарди;</li><li>Реализација на проширени програми<br>- Интегрирање на еколошки содржини од еколошката програма во Годишната програма за работа на училиштето.</li></ul></td></tr>
</table>

| **Извори на податоци** | **Идентификувана состојба** |
|---|---|
| - Наставни планови и програми донесени од БРО<br>- Инструмент за следење на педагошката документација<br>-Годишнни, тематски и дневни (оперативни) планирања на наставниците<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава | Училиштето целосно ги применува наставните планови и програми кои ги донесува МОН и тие се реализираат во пропишаниот обем според соодветниот број на часови кој е предвиден за одреден наставен предмет. Секој предметен наставник изработува глобални, тематски и оперативни (дневни) палнирања врз основа на кои ја реализира наставата по даден наставен предмет во текот на една учебна година. Во глобалните и тематските планирања освен задолжителните содржини кои се предвидени според наставната програма по даден предмет, се интегрираат и содржини за реализација на проширени програми, од проектот Еколошка едукација во македонскиот образовен систем. Во годишната програма за работа на училиштето се интегрираат еколошки |

| | |
|---|---|
| -Планирања за класен час според ОЖВ<br>-Планирања за пректни активности<br>-Планирања за слободни активности според годишната програма на училиштето<br>-Е-дневник<br>-Главна книга на паралелките<br>-Совети на паралелките<br>-Наставнички совети<br>-Записници од наставничките совети<br>-Записници од состаноците со родителите<br>-Извештаи од анкетираните родители и ученици<br>-Годишни програми на активите<br>-Пријави за упис на учениците<br>-Записници на Училишниот одбор<br>-Записници од Советот на родителите<br>-Покани за учество на едукативни работилници | содржини кои понатаму од страна на секој предметен наставник и класен раководител, точките на акција се планираат и разработуваат во глобалните, тематските и дневните планирања за час, што значи дека се интегрираат деветте еколошки теми кои се во корелација со наставните програми. Во планирањата за наставната работа со учениците, секој наставник имплементира и содржини за најмалку по две МИМО активности од Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Секој предметен наставник во реализирањето на наставната програма користи ИКТ. Освен за редовната настава, секој предметен наставник изработува планирања врз основа на кои ја реализира додатната и дополнителната настава. Се изработуваат годишни и тематски планирања и за реализација на проектните активности. Класните раководители за реализирање на класните часови изработуваат годишни и тематски планирања според програмата *Образование за животни вештини*. Врз основа на подготвените планирања успешно се реализира воспитно-образовниот процес во училиштето така што учениците имаат можност успешно и навреме да ги совладаат наставните содржини и истите да ги продлабочат на часовите за додатна настава. Секој ученик добива можност за стекнување на квалитетни и долготрајни знаења кои во неговиот понатамошен развој ќе претставуваат совршена можност за избор на идна професија. Училиштето нуди современа, ефикасна и квалитетна настава за максимална едукација на учениците.<br>Во таа насока сите училници се опремени со интерактивни табли поврзани со проектор и лаптоп и се ставени во функција.Тоа им овозможува на наставниците поефикасно реализирање на наставните програми а на учениците современо следење на наставата.<br>Училиштето уште на почетокот од учебната година, на првата родителска средба ги информира родителите за наставните планови и програми врз основа на кои учениците ќе го надградуваат своето знаење. Истите информации ги добиваат и учениците на првите часови од почетокот на учебната година. Училиштето е во постојан контакт со родителите така што родителите се вклучени во активниот живот на училиштето преку Советот на родители, родителските состаноци и индивидуалните средби. Училиштето |

| | |
|---|---|
| | нуди изборни предмети според наставниот план и програма. Учениците и родителите навреме се информираат за изборните можности по однос на дадени предмети за предвидената наставна година така што имаат можност во писмена форма да се изјаснат за направениот избор. Откако ќе се изјаснат родителите и учениците се формираат паралелки од соодветните наставни подрачја. Во прва година нема изборни предмети така што сите ученици изучуваат ист материјал. Во втора година постои можност за избор на три предмети кои ги предлага училиштето (етика, латински јазик и информатичка технологија). Секој ученик од втора година има можност да избере еден од предложените изборни предмети. Изборните предмети во трета година се групирани во две изборни подрачја: природно-математичко подрачје (комбинација А и Б) и општествено-хуманистичко подрачје (комбинација А и Б). Учениците во трета година се определуваат за едно од овие подрачја. Изборните предмети се програмирани со два или три часа неделен фонд во втора, трета и четврата година. Учениците имааат право на самостоен избор според сопствените желби и афинитети кон дадените подрачја.<br>Долготрајната соработка со Локалната самоуправа и Советот на општината му овозможуваат уште поуспешен професионален развој на училиштето. |

<table>
<tr><td colspan="3">1.2 Квалитет на наставните планови и програми Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">• Родова и етничка припадност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебните помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и нивните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијание на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми<br>- Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери врз еколошката програма во годишната программа за работа на училиштето</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Наставни планови и програми<br>-Глобални, тематски и дневни планирања на наставниците<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>- Извештај од годишната програма за реализирани проекти<br>-Еко-стандарди<br>-Педагошка евиденција и документација<br>-Записници од Советот на паралелката<br>-Записници од Наставнички совет<br>-Записници од Училишен одбор<br>-Записници од Совет на родители<br>-Записници од родителски средби</td><td>Сите ученици, независно од нивната родова и етничка пропадност имаат еднакви права во училиштето. Сите ученици имаат можност за избор на наставни предмети согласно сопствените желби и афинитети. Училиштето преку Наставничкиот совет, Советот на роители и Училишниот одбор донесува одлуки за имплементација на наставните планови и програми во воспитно-образовниот процес, но и за учебните помагала кои се од суштинска важност за решавање на образовната компонента од развојот на учениците. Училиштето е во можност да ги адаптира и синхронизира наставните планови и програми според потребите и карактеристиките на локалната средина при тоа водејќи сметка за афинитетите и потребите на учениците. Во училиштето постои интегративен пристап во реализирањето на наставните планови и програми. Постои конгруенција меѓу сродните предмети и наставни содржини не само во однос на содржината, туку и во временската рамка на нивното реализирање така што учениците добиваат можност за изучување на сродни содржини од различни аспекти во исто време. На почетокот од учебната година се усогласуваат глобалните и тематските планирања на сродните наставни предмети преку договор меѓу активите. Од оваа учебна година учениците од прва година работат со нова наставна програма по сите премети. Наставниот кадар</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| -Професионално досие на наставниот и стручниот кадар<br>- Е дневник<br>-Годишните програми на активите | следеше еднодневни обуки организирани од БРО за изработка на нови наставни Планови и дневни подготовки, кои тековно ги применуваат наставата во прва година. Наставниот кадар во училиштето ја развива самодовербата на учениците, нивната иницијативност, креативност, одговорност и почит кон другите така што јакне свеста за припадност кон мултикултурно општество. Училиштето организира работилници за мултикултура кои имаат цел да ги вклучат учениците од различна етничка припадност во реализација на заеднички активности. Од голема важност за оваа компонента е инплементацијата на проектот *Меѓуетничка интеграција на младите во образованието*. Континуирано продолжуваме со активностите од проектот МИМО, за да се подобри и зајакне меѓуетничката кохезија на младите во РС Македонија преку создавање на услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности. Преку реализација на проектот ( низ креативни работилници, изработка на видео-анимации, Форум театар) учениците добиваат можност за продлабочување на своите знаења, но и можност за создавање на нови пријателства. Во училиштето владее позитивна клима меѓу учениците којашто се надградува врз основа на меѓусебната соработка, доверба и почит. Не постојат конфликтни ситуации меѓу учениците и сите активности се реализираат по пат на договор. Во таа насока училиштето континуирано соработува со СВР - Штип, посебно Одделот за превенција, се реализираат состаноци со одговорни лица од наведената установа со сите наши ученици и предавања со цел подигнување на сообраќајната култура, законската регулатива за малолетничка деликвенција, уличното и училишното насилство, семејното насилство, користење на алкохол од страна на малолетни лици и сл.<br>Образованието на наставниот кадар е клучно во успешната реализација на воспитно-образовниот процес. Квалитетот на наставниот кадар директно влијае на нивото на образовните резултати на секоја индивидуа. За таа цел наставниот кадар во нашето училиште го следи трендот на постојаното лично и професионално усовршување Училиштето поточно наставниот кадар и стручната служба учествува на едукативни обуки и работилници преку кои се усоврушува пошироко од границите на својата област. Во мај 2024 се спроведе обука на наставниците за користење алатки за самооценување. |

| | |
|---|---|
| | Од август до октомври се спроведоа повеќе online обуки организирани од МОН (Дигитална писменост, основно и напредно ниво, Обука за користење на дигитални материјали...).<br>Во септември 2025 година сите наставници следеа обука од академијата CES организирана од МОН за Поттикнување на одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобални еколошки проблеми.<br>Училиштето организира и други интерни едукативни програми и работилници преку кои наставниот кадар се усовршува пошироко од границите на својата област. Сите наставници ги применуваат стандардите за оценување на квалитетот на знаењата кај учениците. Наставниците се обучени за Образование за животни вештини организиран од страна на Бирото за развој во соработка со УНИЦЕФ така што наставните Планови и Програми од ОЖВ успешно и во соодветниот обем се реализираат на класните часови. |

| **1.3 Вонnаставни активности** | **Ниво на евалуација:многу добро** |
|---|---|
| **Теми** | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните вонnаставни активности**<br>• **Опфатеност на учениците во вонnаставните активности**<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во вонnаставните активности**<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку вонnаставните активности** |
| **Извори на  на докази** | **Идентификувана состојба** |
| -Годишна програма за работа<br>-Планирања за проектна активност<br>-Планирања за додатна и дополнителна настава<br>-Планирања за класен час<br>-Педагошка документација и евиденција<br>-Извештај од реализираните проекти<br>-Извештај од едукативни работилници на наставниот кадар | Училиштето организира вонnаставни активности кои го помагаат личниот и социјалниот развој на учениците, им овозможуваат  продлабочување на стекнатите знаења, им даваат  можност за стекнување на нови пријателства. Вонnаставните активности кои се реализираат во училиштето им се достапни на сите ученици независно од нивната полова и етничка припадност. Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор  и тие имаат клучна улога во изработката на програмата за вонnаставни активности. Преку учеството во вонnаставните активности учениците го изразуваат својот креативен потенцијал,  индивидуална способност и афинитет кон дадено подрачје. Некои од вонnаставните активности во нашето училиште се:<br>- **Подготовка за вработување и работа** -  учениците заедно со  обучениот тим од наставници – кариерни советници, за кариерно советување, психологот и педагогот,  реализираат активности  за  нивна професионална ориентација и подготовка за вработување и работа, како што се самоспознавање, способност за донесување на одлуки, обука за стекнувањ на вештини за барање на работа: пишување на CV, мотивационо писмо, интервју за работа, јавно говорење,  презентирање и претприемништво<br>- **Меѓуетничка интеграција на младите во образованието** – во оваа вон |

| | |
|---|---|
| | училишна активност, учениците со нивните ментори, низ изработка на видео анимации и креативни работилници, преку моќниот дух на уметностите се стекнуваат со знаења и вештини за почитување на различните етникуми, култури, припадници на заедници и малцинства кои живеат во нашата држава.<br>- **Литературно катче -** во кое љубителите на пишаниот збор, низ поезија и проза ја изразуваат својта креативност и инспирација. Учествуваат на разновидни литературни конкурси, постигнуваат забележителни успеси и добиваат награди и дипломи.<br>- **Новинарска секција -** вонучилишна активност на надарени ученици кои преку содржини на Web страната на училиштето во пишана форма и низ фотографии ги прикажуваат најактуелните новости поврзани со училиштето и учениците.<br>- **Еколошката секција** се грижи за докажаната хигиена во училиштето, на која навистина сме горди и ќе промовира здрав начин на живеење во чиста средина. Заедно со еко-патролите и одговорните наставници, постојано се вршат анализа на состојбите на животната средина и реализирањето на планот еколошките активности и точките на акција од воспоставените еко-стандарди и 7-те чекори од еко-менаџментот. Во теко на учебната година, оваа секција беше задолжена за организирање на разновидни активности за достојно одбележување на значајните датуми поврзани со еколошкиот календар;<br>-Соработка со УГД и други институции- се воспостави успешна соработка с УГД во чии рамки нашите ученици со нивните одговорни професори-ментори можат да ги користат лабораториите на факултетите за лабораториски вежби и проектни задачи.<br>- **Дебатен клуб**- во кој учениците со аргументи за и против дебатираат на различни теми и ја изразуваат слободата на мислите и говорот;<br>- **Училишен хор-** учениците кои се музички надарени ( пеење и свирење |

| | |
|---|---|
| | на инструменти) се вклучија во хорот на училиштето, и имаа повеќе настапи во и надвор од учлиштето во одбележувањето на значајни празници и датуми за нашиот град. Исто така земаат учество на повеќе натпревари, кои ги организираше Општина Штип и пошироката заедница.<br>- **Училишен спорт** (пинг-понг, ракомет, одбојка, кошарка,фудбал, корективна гимнастика). Преку оваа воннаставна активност наставниците од стручниот актив по спорт и спортски активности, им нудат на учениците можности да тренираат и спортуваат и во тимски и во индивидуални спортови, во зависност од кондицијата, афинитетите и физичката конституција на учениците. Од оваа секција се селектираат ученици за училишните репрезентации кои се натпреваруваат во различни спортови во рамки на Училишниот спорт организиран од страна на Локалната самоуправа но и натпревари организирани од спортските клубови.<br>Учениците учествуваат во голем број културно- уметнички и спортски манифестации. Преку активно учество во воннаставните активности учениците ги афирмираат своите креативни потенцијали и конструктивно го трошат своето слободно време. |

| |
|---|
| **Резултати:** |
| **Клучни јаки страни:**<br>- Наставните планови и програми се реализираат во целост според предвидениот број на часови.<br>- Наставниот кадар стручно ги изработува сите планирања кои се потребни за реализирање на воспитно-образовниот процес.<br>- Училиштето има изработено инструмент за следење на педагошката документавија на наставниот кадар.<br>- Наставниот кадар постојано лично и професионално се усовршува. |

- Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат еко-содржини и МИМО активности.
- Наставната програма се реализира со користење на ИКТ во наставата (минимум 30%) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет.
- Училиштето преку соодветни медуими ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми.
- Училиштето нуди изборни предмети според наставниот план и програма за реформирано гимназиско образован.
- Училиштето е во постојан контакт и соработка со Локалната самоуправа и Локалната заедница.
- Наставниот кадар ги интегрира наставните содржини од сродните предмети.
- Сите ученици, независно од нивната родова и етничка припадност имаат еднакви права во училиштето.
- Училиштето ги синхронизира наставните планови и програми според потребите и карактеристиките на локалната средина при тоа водејќи сметка за афинитетите и потребите на учениците.
- Раководниот тим на училиштето континуирано ги следи препораките на стручните активи за осовременување на наставните средства и помагала со цел поефикасно реализирање на содржините предвидени со наставните планови и програми. Во тој контекст целото училиште е покриено со Интернет врска и сите училници се оспособени за реализирање на ИКТ настава.
- Вонnаставните активности кои се реализираат во училиштето им се достапни на сите ученици независно од нивната полова и етничка припадност.
- Учениците се вклучуваат во вонnаставните активности по сопствен избор  и тие имаат клучна улога во изработаката на програмата за вонnаставни активности.

**Клучни слаби страни:**

- Да се продолжи со трендот на континуирано професионално и лично усовршување на наставниот кадар, стручната служба и учениците, со соодветни обуки и работилници, како заложба за доживотно учење.

**Кратка анализа  на подрачјето 1: Наставни планови и програми**

Училиштето целосно ги реализира  наставните планови и програми во пропишаниот обем.
Училиштето има изработено инструмент за следење на педагошката документавија на наставниот кадар.
Училиштето им дава комплетна поддршка на наставниците при осовременувањето и усовршувањето во својата област.
Во рамките на наставните планови и програми се интегрираат  еко-содржини од понудените еколошки теми и воспоставените  еко-стандарди. Се имплементираат најмалку по две  МИМО содржини и активности на редовните или

| |
|---|
| слободните ученички часови. Наставната програма се реализира со користење и на ИКТ во наставата (минимум 30%) од вкупниот фонд на часови по секој наставен предмет.<br>Училиштето соработува и со учениците и со родителите при што соодветно и на време ги информира за се што е потребно.<br>Училиштето организира и реализира квалитетна настава.<br>Училиштето организира дополнителна настава која се реализира со ученици кои од одредени причини не успеале да совладаат дел од предвидените наставни содржини.<br>Училиштето организира додатна настава која се реализира со ученици кои покажуваат посебен интерес за одредени содржини. Оваа настава се реализира со талентирани ученици.<br>Учениците вршат избор на предмети самостојно според своите афинитети.<br>Директорот на училиштето и педагошко-психолошката служба, го следат навременото предавање на планирањата од наставниците.<br>На почетокот од секоја учебна година училиштето подготвува Годишна програма во која ги планира сите активности за реализација на наставните планови и програми.<br>Училиштето има изработено превентивни програми и посветува посебно внимание на грижата за здравјето на учениците преку редовните систематски пргледи и преку соработка со ЈЗУ Јавната здравствена установа -Штип. Со нивна помош и поддршка се реализираат веќе започнатите проекти за унапредување на репродуктивното здравје, заштита од ХИВ СИДА и други болести кои демнат над малдите луѓе.<br>Училиштето соработува и со ОО Црвен крст – Штип. Се реализираат на крводарителски акции ( дарување на крв-спасување на човечки живот) во кои ќе бидат вклучени и ученици кои наполниле 18 години;<br>Учениците преку учество на натпревари и други манифестации се трудат да постигнат високи успеси.<br>Сите ученици во училиштето имаат еднакви права независно од полот и нивната религиозна и етничка припадност.<br>Екскурзиите се битен сегмент од целокупната работа со учениците и влијаат врз развивањето, поттикнувањето и остварувањето на нивните различни интереси, а претставуваат облик на воспитно-образовната работа кој се остварува преку низа активности надвор од училиштето, ( посети на: природни и туристички места, образовни, културни и спортски установи, техничко-технолошки објекти и други локалитети), во согласност со одредени цели и задачи од наставните програми и подрачја, нашето училиште, согласно Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта. |
| **Идни активности :**<br>- Продолжување на трендот за професионално и лично усовршување на наставниот кадар, стручната служба и |

учениците со соодветни обуки и работилници.
- Продолжување на трендот на набавка на современи наставни средства и помагла согласно потребите, за поефикасна реализација на наставните планови и програми.
- Продлабочување на соработката со други институции со цел продлабочување на знаењато на учениците и поврзување на теоријата со праксата.

**Подрачје:2 Постигања на учениците Ниво на еалуација: многу добро**

<table>
<tr><td colspan="2">2.1. Постигања на учениците; Ниво на еалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Следење на постигањата на учениците од различен пол и етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според класификациони периоди,</li><li>Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)</li><li>Идентификација на учениците со тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со посебни образовни потреби</li><li>Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава</li><li>Следење на постигањата на редовните и вонредните ученици при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование</li><li>Следење на хоризонтално и вертикално движење на учениците<br>- Еднаква вклученост на учениците (од различен пол, етничка припадност, наставен јазик, посебни образовни потреби) во постигањата при реализација на еколошката програма.</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td>-Електронски дневник на паралелките<br>-Записници од Наставнички совети<br>- Главни книги,<br>- Записници од работата на педагошко-психолошка служба<br>- Годишна пограма за работа и извештај за работата на училиштето<br>- Статистички извештаи за успех по тримесечје, полугодие, завршеток на</td><td>Следењето на постигнувањата на учениците се врши континуирано во текот на целата година, при што се применуваат повеќе методи и техники. Посебни анализи за постигнатите резултати се вршат на крајот на секој од четирите класификациони периоди. Училиштето изготвува полугодишни и годишни извештаи за постигањата на учениците по години и наставни предмети. Исто така се врши споредбена анализа со постигањата од претходните години. Според Законот за средно образование постигнувањата на учениците по секој предмет се оценуваат бројчено. Педагошко-психолошката служба изготвува периодични извештаи за постигнувањата на учениците по години, пол и национална припадност кои се користат за интерна анализа и согледување на состојбите.<br>Наставниот кадар применува разновидни форми и методи за активно учење со цел да ги мотивира учениците во текот на редовната настава, се применува и ИКТ опремата за осовременување на наставата, а се со цел подобрување на постигањата на учениците. Од оваа учебна година активно се користи и ВИ во реализација на наставните содржини.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| учебна година<br>- Анкетни листови за учениците<br>- Статут на училиштето<br>- Записници од државна матура | Наставниците успешно ги имплементираат еко стандардите при реализација на наставните програми. Притоа се води сметка сите ученици да бидат вклучени во активностите поврзани со реализација на еколошката програма. Заради тоа се формираат работни групи при спроведување на еколошки активности во рамките на наставата , но и во слободните и воннаставните активности. Во наставата се имплементираат и содржини и активности од Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во општеството (МИМО).<br>Покрај ова, во училиштето се изведува дополнителна и додатна настава во која се опфатени учениците од сите години и по сите предмети. На почетокот на учебната година секој наставник изработува годишен план за дополнителна и додатна настава и утврдува термини за изведување на истата. Наставниот кадар и стручните служби вложуваат огромни напори за зголемување на интересот на учениците за овие видови настава.<br>Во училиштето се спроведува интерно оценување на постигањата на учениците кое се одвива континуирано во текот на целата година. Следењето на напредокот на учениците и оценувањето се врши усно и писмено, со користење на разни инструменти и техники (писмени вежби, писмени работи, објективни тестови на знаења, есеи, проекти и др.) преку кои настаникот добива доволен број докази за постигањата на ученикот. Врз основа на сите показатели наставникот изведува формативна оцена за одредена тема или сумативна оценка за одреден класификационен период. Во процесот на следење на учениците и нивно оценување, наставниците ги вклучуваат и самите ученици преку самооценување или формирање на комисии од учениците. За да се постигне поголема објективност и унифицираност во оценувањето наставниците имплементираат одредени стандарди и критериуми за оценување кои се изработуваат интерно, на ниво на стручен актив. Истите се за изведување на формативна или сумативна оценка. Секој наставникот на почетокот на учебната година го планира оценувањето , односно утврдува кои постапки техники, инструменти ќе ги користи за формативно и сумативно оценување. Понатаму наставникот за секоја наставна тема прави и план за формативно и сумативно оценување во кој јасно е нагласено кои постаки и инструменти ќе се применуваат за формативно оценување, а кои за сумативно оценување. При тоа наставникот се придржува на веќе изготвените стандарди за оценување.<br>Во последните три наставни години постигнати се следниве резултати на ниво на училиште<br>На крајот на учебната 2023/2024 година средниот успех на ниво на училиште е Мн.добар (4,19)<br>Во учебната 2024/2025 година средниот успех на учениците на крајот на наставната година е Мн.добар ( 4.23 ) |

| | |
|---|---|
| | Средниот успех на крајот од првото полугодие на учебната 2025/2026 е Мн.добар (4,10) Учениците и родителите редовно се известуваат за постигањата и напредокот на формални средби (родителски средби) и неформални средби. Покрај тоа, родителите може да информираа за редовноста, постигањата и напредокот на учениците преку електронскиот дневник во кој податоците редовно се ажурираат од страна на наставниците.<br>Најголем дел од учениците се пријавуваат за полагање на државна матура.<br>Резултатите од досега реализираната државна матура, покажуваат дека висок процент од учениците успешно ја положиле истата, при што не треба да се занемарат и оцените кои учениците ги добиле на овие испити. Во учебната 2024-2025 година, за полагање на државна матура се пријавија вкупно 114 ученици , додека пак само 4 ученици се пријавиле за полагање на училишна матура. Средниот успех кои учениците го постигнале при полагање на екстерните предмети е 4,06.<br>Во училиштето се прават анализи за постигањата на учениците при премин од основно во средно образование. Увидите во документацијата на училиштето (пред се во главните книги и извештаите на стручните служби) покажуваат дека најголем број од учениците кои се запишуваат во прва година оствариле одличен или многу добар успех во основното образование.<br>Стручната служба внимателно го следи успехот на учениците при премин од основно во средно образование и стручната служба прави детални анализи и споредби на постигнатиот услпех во завршната година од основното образование и почетната година на средното образование. Доколку има појава на драстично намалување на успехот кај некои ученици се алармираат родителите и вршат разговори со учениците и родителите со цел да се подобрат постигнувањата .<br>Постигањата на учениците при премин од една во друга година во текот на четири годишното образование бележи незначителни отстапки во позитивна или негативна насока За последните три учебни години констатирана е следнава состојба:<br>-во учебната 2023/2024 успехот по години е следниот:<br>Во прва година постигнатиот успех е Мн. Добар (4.28) , во втора година Мн. Добар (4,40) , во трета година постигнат е успех Мн. Добар (4,00) и во четврта година постигнат е успех Мн. Добар (4,09)<br>-во учебната 2024/2025 успехот по години е следниот:<br>Во прва година постигнатиот успех е Мн. Добар (4,24) , во втора година Мн. Добар (4,43) , во трета година постигнат е успех Мн. Добар (4,27) и во четврта година постигнат е успех Мн. Добар (3,99) |

| | |
|---|---|
| | -во учебната 2025/2026 полугодишниот успех по години е следниот:<br>Во прва година постигнатиот успех е Мн. Добар (4,20) , во втора година Мн. Добар (4,11) , во трета година постигнат е успех Мн. Добар (4,05) и во четврта година постигнат е успех Мн. Добар (4,05)<br>Ако се спореди постигнатиот успех во последните три учебни години , може да се забележат мали осцилации во постигнатиот успех по години.<br>Учениците од нашето училиште континуирано учествуваат на државни и меѓународни натпревари од сите области и постигнуваат забележителни резултати. Во последните три години може да ги издвоиме следните високи постигања на учениците<br>На меѓународни натпревари освоени се следниве награди:<br>- бронзен медал на Интернационална олипијада по Физика и астрономија (IAAC), декември 2023<br>-златен медал на online Олимпијада по Физика, Neo Science Olypiad, со центар во Њујорк, во конкуренција на учесници од целиот свет, февруари 2024<br>-сребрен медал на Интернационална STEM олимпијада, март 2024<br>-бронзен медал на 56 Интернационална Олимпијада по Хемија Ријад, Саудиска Арабија, јули 2024<br>-Бронзен медал на 59-тата Меѓународна Олимпијада по хемија - Менделеев помеѓу ,Бело Хоризонте, Бразил, Мај 2025.<br>-бронзен медал на Меѓународната Олимпијада по хемија , Дубаи, јули 2025<br>- златен медал на натпревар во роботика и електроника ROBOMAC Junior 2025, за ученици од четврта година од средните училишта во Македонија, Скопје, мај 2025<br>На државните натпревари постигнати се следниве забележителни резултати:<br>- втора и трета награда на Државен натпревар по Филозофија, Скопје, март 2024<br>- втора и трета награда на државен натпревар по Македонски јазик и литература, Скопје, декември 2023<br>- второ и трето место на Државен натпревар по Филозофија , Скопје,март 2024<br>-трето место на Државен натпревар по Информатика, Скопје, март 2024<br>- трета награда на Државен натпревар по Математика, Скопје, март 2024<br>-трета награда на Државен натпревар по Физика , одржан во април 2024 и пласман на Балканска и Меѓународна олимпијада<br>- второ место на Државен натпревар по Историја, Скопје, мај 2024<br>-втора и трета награда на Државен натпревар по Англиски јазик, Скопје, мај 2024<br>- втора награда на IX Олимпијада по експериментална Физика Скопје мај 2022 |

| | |
|---|---|
| | - повеќе први, втори и трета награда на Државен натпревар по Биологија Скопје, мај 2024<br>-прва и втора награда на Државен натпревар по Хемија Скопје, мај 2024<br>- трета награда на Државен натпревар по Информатика, Скопје, март 2025<br>-трето место на Државен натпревар по Германски јазик, Струмица, март 2025<br>-бронзен медал на XXXII Македонска математичка олимпијада, Скопје, март 2025<br>- прва награда на Државен натпревар по филозофија ,Скопје, март 2025<br>- трета награда на Државен натпревар по Математика Скопје, март 2025<br>-прва, втора и трета награда на Државен натпревар по Биологија Скопје, мај 2025<br>- прва, втора и трета награда на Државен натпревар по Хемија Скопје, мај 2025<br>- прва и трета награда на Државен натпревар по Англиски јазик, Штип, мај 2025<br>Учениците од нашето училиште актвно се вклучени во проектот Еразмус +, преку која учесствуваат на меѓународни проекти и младински размени во повеќе европски земји, но и на други континенти. Учесниците на овие проекти своите искуствата ги пренесуваат на своите соученици, но на самите учесници им овозможува збогатување со знаења, искуства и вештини кои понатаму овозможуваат подобрување на нивните постигнувања во училиштето |
| | |

| **2.2. Задржување / осипување на учениците;** | **Ниво на еалуација: многу добро** |
|---|---|
| **Теми:** | • **Опфат на ученици**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Осипување на учениците**<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго** |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| - Записници од Наставнички совети<br>- Главни книги,<br>- Записници од работата на педагошко-психолошката служба | Во училиштето во учебната година 2023/2024 се опфатени вкупно 459 ученика во 28 паралелки. Во учебната 2024/2025 година се опфатени 417 ученика во 28 паралелки. Во учебната 2025/26 година се опфатени 407 ученика во 27 паралелки. Најголемиот дел од нив , околу 97%, се од општина Штип, а само мал дел од |

| | |
|---|---|
| - Записници од изрешени педагошки мерки.<br>- Покани и записници од советување на родители,<br>- Извештај за работата на училиштето<br>- Статистички извештаи<br>- Преведници | учениците се од други општини.<br>Според направените анализи од предходните учебни години, 99% од запишаните ученици успешно го завршуваат своето образование во училиштето.<br>И покрај постојаната тенденција на намалување на бројот на ученици во општината ,бројот на запишани ученици во прва година се одржува на едно константно ниво од 100 - 110 запишани ученици во последните три години и при тоа нема значитени осцилации во бројот на запишани ученици. Незначителен е бројот на ученици кои се отпишале од училиштето. Најчеста причина за ова е промена на местото на живеење или заминување во друга држава.<br>Во училиштето континуирано се следи редовноста на учениците од страна на класните раководители и стручната служба и навремено се интервенира доколку се забележи некоја негативана појава. Најголем број на отсуства од оправдани причини се направени поради: здравствени проблеми (потешки заболувања, повреди и сл.), спортски активности за потребите на пошироката заедница, активности поврзани со културата и уметноста за потребите на Училиштето и неопфатеноста на сите ученици со обезбеден бесплатен превоз и др<br>Родителите на учениците со поголем број на изостаноци и послаб успех задолжително се повикуваат на советување.<br>Училиштето има воспоставено стандардна процедура за оправдување на отсуство. Бројот на направени изостаноци неколку години по ред се одржува на едно стабилно ниво. Во последните три години бројот на направени изостаноци се движи во границите од 50 до 60 изостаноци по ученик, при што бројот на неоправдани изостаноци е околу 3-4 по ученик. Училиштето вложува огромни напори за намалување на изостаноците. Заради тоа се зајакнува соработката ученик - родител – класен раководител. Преку непосредна комуникација и воведување на фиксни термини за прием на родители. Тие термини се истакнати на огласната табла на училиштето уште на почетокот на учебната година.<br>Во однос на Поведението во континуитет најголем број на ученици од 95% до 99% се со Примерно поведение, од 2% до 5% од учениците се со Добро поведение и 1% од учениците се со Незадоволително поведение.<br>Во учебната 2023/2024 година од вкупниот број на ученици во училиштето 459, 434 ученици или 95% се со Примерно поведение, 21 ученици 5 % се со Добро поведение и 4 ученици 1% се со Незадоволително поведение. Во учебната 2024/2025 година од вкупниот број на ученици во училиштето 417, 403 ученици |

| | |
|---|---|
| | 97% се со Примерно поведение, 10 ученици 2 % се со Добро поведение и 4 ученици 1% се со Незадоволително поведение. Во учебната 2025/2026 година(полугодишен извештај) од вкупниот број на ученици во училиштето 407, 399 ученици 99% се со Примерно поведение, 8 ученици 1 % се со Добро поведение .На полугодието нема ученици со Незадоволително поведение. . Во однос на предходните две учебни години, 2024/2025 година и 2023/2024 година, во учебната 2025/2026 бројот на ученици со Примерно поведение е поголем, а со Добро поведение помал. Во првите полугодија во последните три учебни години изречени се мал број педагошкати мерки или нема изречено. Во учебната 2024/2025 година, нема изречени педагошки мерки а во 2023/2024 учебна година, изречени се 5 педагошки мерки. Во првото полугодие во учебната 2025/2026 година, изречени се 5 педагошки мерки, писмена опомена од класен раководител. Една педагошка мерка за направени над 10 неоправдани изостаноци и четири педагошки мерки за непочитување на куќниот ред, недолично однесување. |

| **2.3. Повторување на учениците; Ниво на евалуација: многу добро** | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Ученици кои не ја зршуваат годината** |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| -Увид во педагошка евиденција и документација<br>- Записник од наставнички совет<br>- Годишен извештај за работа на училиштето | Во претходните две години нема ученици,кои ја повторуваа годината. Во учебната 2023/2024 година наставата ја следеа 459 ученици од I до IV година. Поради направени повеќе од 200 изостаноци од здравствени причини, на испит на годината по сите наставни предмети е упатен 1 ученик од IV година. Ученикот од IV година испитите ги полага и положи пред започнување со полагање на Државна матура. Со тоа ученикот ја заврши годината.<br>Во учебната 2024/2025 година наставата ја следеа 417 ученици од I до IV година. Во учебната 2024/2025 година нема ученици упатени на испит на годината во ниту една година.<br>. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

**-** користење на различни современи форми и методи за активно учење и поучување
- објективно, транспарентно, унифицирано оценување на постигнувањата на учениците
- редовно следење ,вреднување и мотивирање за подобрување на постигањата
- висок процент на ученици кои го завршуваат образованието со одличен или многу добар успех
- специјализирани училници опремени со компјутери и друга опрема со кои е овозможено примена на ИКТ во наставата
- учество на учениците на државни и меѓународни натпревари и постигнување на респектирани резултати.

**Слаби страни**

Продолжување со спроведувањето на воспоставениот систем од мерки за зголемување на редовноста на учениците, односно намалување на вкупниот број на изостаноци во текот на наставната година..

**Кратка анализа на Подрачје 2: Постигнувања на учениците**

Постигнувањата на учениците се евидентираат во дневниците за работа на паралелките, евидентните листови и главните книги за учениците. Следењето на постигнувањата на учениците се врши континуирано во текот на годината според однапред изработена програма за следење и вреднување на постигнувањата на учениците. Процесот на следење на постигнувањата се дели на неколку периоди и тоа прв наставен ( прво тримесечје), прво полугодие, трет наставен период ( второ тримесечје ) и крај на наставната/учебната година Родителите на учениците редовно и навремено се информираат за постигнувањата на учениците преку родителски средби и индивидуални средби со родителите на поодделни ученици.За овие средби се водат записници во дневникот на паралелката. На прашањето дали родителите се информирани за напредувањето на учениците 89% од анкетираните се изјасниле дека се доволно информирани за успехот и поведението на учениците.

Во одредени временски периоди ( прво тримесечје, прво полугодие, второ тримесечје, завршеток на наставната година) се изготвуваат статистички извештаи заради споредување на резултатите во наведените временски периоди.

Оценувањето на учениците се врши објективно, транспарентно, а како инструмент за оценување се користат и тестови на знаење. Според добиените резултати од спроведените анкети за учениците приближно 73% од анкетираните се изјасниле дека се задоволни од вреднувањето на постигувањата.

Според увидот во соодветната документација и собраните податоци може да се заклучи дека генерално посигувањата на учениците се на завидно ниво. Во прилог на ова тврдење е и општиот успех на учениците на ниво на училиште кој изнесува Мн. добар (4.19) за учебната 2023/24 г., Мн. добар (4.23) за учебната 2024/25г. и Мн. добар (4.10) -просек од првото полугодие во учебната 2025/26 г.Наставниот кадар, педагошко-психолошката служба постојано се трудат да изнајдат начини за подобрување на постигнувањата на учениците преку редовната настава, но и преку дополнителната и додатната настава

| |
|---|
| која исто така е добро организирана во училиштето. Секој наставник има изготвено годишен план за реализирање на дополнителна и додатна настава. Учениците се вклучуваат во поголем број во вонnаставните активности, но и во реализација на различни проекти кои секако би допринеле во подобрувањето на нивното постигање. Според направените увиди,. бројот на изостаноци се одржува на едно стабилно ниво, а училиштето вложува огромни напори да се постигне намалување на бројот на изостаноците, што последователно влијае и на постигнувањаа на учениците. Училиштето обезбедува солидни услови за работа, опрема и средства кои допринесуваат за осовременување на наставата а со тоа и поголема мотивација на учениците. Располага со повеќе современи кабинети опремени со нагледни средствата и електронска опрема.<br>Половата и етничката структура нема влијание на постигнувањата на учениците.<br>Училиштето ја спроведува законската одредба за поднесување и разгледување на жалби од страна на учениците кои се незадоволни од успехот на крајот на учебната година или пак повторувале.<br>Училиштето вложува огромни напори за привлекување на поголем број на ученици кои се запишуваат во прва година при што повеќе години по ред се спроведуваат позитивни кампањи за презентација и афирмација на училиштето. |
| **Идни активности:**<br>Неопходно е да се продолжи со унапредување на планирањето и реализацијата на програмата за работа со надарените и талентираните ученици, со што уште повеќе би де зголемил квалитетот и нивото на постигнувањата на училиштето;<br>- Да се продолжи со воспоставениот пристап (организациски, содржински и методолошки) кој ќе делува мотивирачки кај надарените и талентираните учениците и ќе овозможи да се сфати неопходноста и вистинското значење во развивање на креативниот и иновативниот потенцијал кај овие ученици;<br>-Потребно е да се продолжи и со обуки за професионално надградување и усовршување на наставниот кадар за подобрување на нивните компетенции |

**Подрачје 3 Учење и настава** **Ниво на евалуација: многу добро**

| | |
|---|---|
| **Подрачје 3: Учење и настава** | |
| **3.1 Планирања на наставниците** **Ниво на евалуација: многу добро** | |
| **Теми:** | • **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>• **Индивидуални планирања на наставниците**<br>• **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>• **Распоред на часови**<br>• **Вклучување на еколошки содржини на индивидуалните планирања на наставниците согласно еколошката програма** |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| - Предадени годишни глобални и тематски планирања кај психологот на училиштето,<br>- Дневни планирања за час<br>- Анкета- спроведена на наставниците<br>– Состаноци на стручни активи од училиштето.<br>- Список на професори кои биле на стручно усовршување за менаџирање на час | Наставниците во училиштето задолжително на почетокот на учебната година (најдоцна до 5 септември) предаваат годишни глобални и тематски планови за предметот што го предаваат. Глобалните и тематските планови се пропишани од Бирото за развој на образованието, а одобрени од страна на Министерството за образование и наука. Освен тоа наставниците доставуваат и годишни планирања за додатна и дополнителна настава, класен час и воннаставни активности.Во нашето училиште од страна на наставниот кадар глобалните и тематските планови уредно се предаваат во предвидениот рок и континуирано се следат од страна на директорот и педагошко-психолошката служба.<br>Глобалните и тематските планирања се предаваат кај психолог на училиштето. Во текот на учебната година наставниците ја планираат наставата со дневна подготовка (оперативен план за час, сценарио или методски приказ на час), во три фази (воведен, главен и завршен дел - рефлексија). Планирањата ги следат директорот и педагогошко-психолошката служба на училиштето.<br>Училиштето врши следење на планирањата на наставниците преку увид од |

| | |
|---|---|
| | страна на директорот, психологот и педагогот на училиштето.<br>Сите наставници имаат уредни дневни планирања за наставен час, во кои се содржани: целите на часот, активностите на наставникот и учениците, користењето на расположливите ресурси на училиштето, проверка на стекнатите знаења на учениците и евалуација на реализираниот час. Тоа се планира за сите часови вклучувајќи ги и часовите за повторување и утврдување на знаењата. Планирањата се изготвуваат во рамки на стручните активи и индивидуално, преку утврдување на приоритетите во наставниот процес, а со цел да се реализирааат целите на воспитно-образовниот процес. Во училиштето постои систем за следење на планирањето на наставниците, кое го врши педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето. Овој систем подразбира документирање на планирањата на наставниците и сите документи кои се потребни за успешно планирање на наставниот процес и следење на нивната реализација. Училиштето им дава поддршка на наставниците преку изработка на обрасци и помошни материјали со кои се зголемува ефикасноста на планирањето, од страна на педагошко-психолошката служба. Може да се каже дека над 95% од наставниците планирањата ги изготвуваат во електронска форма. Исто така педагошко-психолошката служба се обидува да ги следи современите наставни трендови и да воведува новини во процесот на планирање, со што секако се унапредува и воспитно-образовниот процес. Со наставниците приправници, педагошко-психолошката служба работи на советување и менторирање при процесот на планирање со цел да се обучат наставниците-приправници за поуспешно планирање и реализирање на Наставната програма. Педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето вршат увид во пропустите или други проблеми во процесот на планирање на Наставната програма и нудат решенија, односно даваат препораки за надминување на проблемот.<br>Согласно големиот број на семинари поврзани со модернизацијата на наставата во нашето училиште се применуваат најразлични методи и стратегии |

| | |
|---|---|
| | за поголема ефективност во наставниот процес .Училиштето им дава поддршка на наставниците за надминување на фронталната форма на работа на час со примена на интерактивните методи, користење на ИКТ во наставата,и ВИ во новите наставни планови и програми во прва година. Компјутерите, лаптопите, ЛЦД проекторите и SMART таблите редовно се одржуваат и се во употреба на сите часови.<br>Сите наставници имаат интегрирани еколошки содржини и точки на акции од воспоставените еко-стандарди во индивидуалните планирања согласно еколошката програма и согласно соодведствување на наставниот предмет. Педагошко-психолошката служба е служба за поддршка и има советодавна улога во случаи кога тоа е потребно. Редовно се следат законските дополнувања и измени и службата се обидува да им понуди на наставниците различни обрасци со кои ќе го унифицира и унапредува водењето на педагошката евиденција. Исто така, постои интензивна соработка со наставници од други училишта со кои се разменуваат искуства и добри практики.<br>Распоредот на часови го прави стручната служба во соработка со наставниците, водејќи сметка за вметнување на термините за дополнителна и додатна настава за кои посебно се води грижа.<br>На почетокот на учебната година наставниците во договор со учениците ги утврдуваат термините за додатна и дополнителна настава. При формирањето на распоредот на часови, се има на увид дневната и неделната распределба по „тежина“ на часовите, во согласност со психо-физичките способности и оптималната будност и концентрација на учениците.<br>Во училиштето редовно се одржуваат состаноци на пооделни стручни активи.На формални и неформални состаноци наставниците разменуваат искуства во врска со планирањето на часовите и ефикасноста на истите. Стручните активи на состаноците ги координираат своите активности околу изработка на писмени проверки,наставни ливчиња во интерес на усовршување на наставниот процес.Стручните активи се состануваат и се договараат во врска |

| | |
|---|---|
| | со изработката на новите наставни планови и програми.<br>Раководниот тим работи на едукација на наставниот кадар за менаџирање на час (комуникација на наставникот со учениците,односно наставникот да успее да го ,,анимира,, ученикот, ставајќи се во улога на модератор). |

| | |
|---|---|
| **3.2. Наставен процес** | **Ниво на евалуација: многу добро** |
| **Теми:** | • **Наставни форми и методи;**<br>• **Употреба на ИКТ во наставата;**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси;**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците;**<br>- Интеракција меѓу наставниците и учениците во реализација на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• **Приодот на наставникот кон учениците;**<br>• **Следење на наставниот процес.** |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| - Дневни планирања за час<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Документација за упис на ученици, е -дневник на паралелка, списоци на групи од ученици за дополнителна, додатна, консултативна, изборна, факултативна настава, | Наставниот процес по својата природа подразбира интеракција меѓу наставникот и ученикот. Само квалитетната интеракција овозможува квалитетна настава. Во таа насока една од основните заложби е да се обезбеди наставен процес во кој на ученикот ќе му се овозможи критичко размислување и творечко ангажирање. Секојдневните искуства со учениците доведуваат до заклучок дека интелектуалните потреби на учениците се задоволуваат со примена на разновидни наставни форми, методи и техники со кои наставата се прилагодува на барањата на учениците. Наставниците применуваат различни форми на работа: работа во парови, работа во групи. Наставниците преку различни обуки се стимулираат во надминувањето на фронталната форма на работа која го |

| | |
|---|---|
| воннаставни активности.<br>- Планирања (годишни, тематски и дневни), портфолио на предметен наставник, записници од увид и извештаи од анализи. | намалува учеството на ученикот во процесот на учење и го минимизира неговото критичко размислување. Освен форми, наставниците применуваат и современи и интерактивни методи како: пишување, говорење, набљудување, демонстрација, истражување и др.<br>Наставниците применуваат разни форми и методи на настава,вклучувајки работа во парови или мали групи,вклучувајќи и употреба на ИКТ за изработка на проекти и на самиот наставен час.Доколку има потреба наставниците користат и соодветни наставни методи за индивидуална работа и со поедини ученици.Наставниците користат различни ресурси во наставата како дополнување на она што е содржано во учебниците кои се користат.Целта на наставникот е да гради меѓусебна доверба со учениците и на часот да има динамична и работна атмосфера.<br>Наставниците во наставата применуваат и современи интерактивни техники пишување, читање, учење и дискусија. Посебно интересни и провокативни за учениците се дебатните техники кои на учениците им овозможуваат критички пристап кон одреден проблем и начини на негово разрешување.<br>Врз основа на следењето на работата на наставниците од страна на педагошко-психолошката служба, забелешките на родителите на редовните родителски средби, примената на интерактивната настава во нашето училиште е на задоволително ниво. Се разбира дека овој процес треба да се следи перманентно и во иднина со цел негово надградување. Наставниците за таа цел ги користат сите ресурси кои им ги нуди училиштето. Во таа насока за одбележување е фактот дека училиштето континуирано вложува во техничките и материјалните услови. Во него има современо опремени училници со интерактивни табли, ЛЦД проектори и телевизори и трендот за техничко унапредување продолжува и понатаму.<br>Значаен дел од наставниот процес се вонучилишните активности кои се реализираат во рамките на повеќе секции: Литературно катче, Новинарска секција, Еколошка секција, Дебатен клуб, Училишен хор и Училишен спорт. За |

| | |
|---|---|
| | одбележување е имплементирањето на повеќе проекти: „Подготовка за вработување и работа“, „Кариерно советување“, “Сајбер насилство“ „Меѓуетничка интеграција во образованието“. Сите тие претставуваат квалитетно збогатување на наставниот процес преку овозможување учениците да стекнат вештини за јавно говорење, презентирање, претприемништво и сл.<br>Проектот за „Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“, им помага на учениците да изградат капацитети за почитување на различностите, заеднички соживот и мултикултурна соработка.<br>Наставниците користат различни форми за интеракција со учениците и тоа:<br>-Поставување на прашања (Самопрашување),користење на наставната метода RIQEST;<br>-Водење дискусија (мрежа на дискусија и дебата),округла маса;<br>-Повратни информации (интервјуа, изготвување на проекти, анкетни ливчиња);<br>-Додатна, консултативна и дополнителна настава и закажување на  вонредени термини за учениците за кои наставникот смета дека имаат потешкотии при усвојување на знаењата, како со физичко присуство,така и преку Teams платформата,преку онлајн алатки за ученици кои не се во можност физички да присуствуваат во училиште од оправдани здравствени причини;<br>-Воннаставни активности:<br>Нашето училиште е активно и истовремено вклучено во повеќе проекти како што е и проектот за „Меѓуетничка интеграција во образованието“,  преку кој учениците градат капацитети за почитување на различностите и заеднички соживот  и мултикултурна соработка. Во училиштето,освен македонска,кои се најмногубројни, се образуваат и ученици од   турска, влашка,ромска,српска и друга национална припадност. За одбележување е ангажираноста на наставниците, директорот и стручната служба во училиштето во надминувањето на културните стереотипи и предрасуди кон различните националности. Тоа се постигнува не само со реализација на наставните содржини преку задолжителните Наставни програми, туку и со реализација на програмата за |

| | |
|---|---|
| | Животни вештини која наставниците ја реализираат за време на класните часови.<br>Во нашето училиште не постојат стереотипи во однос на машки и женски активности и професии поврзани со изборот за природно- математичко и/или општествено- хуманистичко подрачје, туку се почитува нивната желба. Приодот на наставникот кон учениците, е демократски, доверлив, со разбирање и почит кон личноста на ученикот како индивидуа,имајќи го секогаш во предвид нивниот социјален и културен статус.<br>Сите ученици се вклучуваат во кампањата за промовирање на родова рамноправност и еднаквите можности. Во тоа често се вклучени и активностите на Дебатниот клуб преку протежирање на теми и дискусии за родовата еднаквост и рамноправност.<br>Педагошко-психолошка служба благовремено се подготвува за новата учебна година, организирајќи навреме комисии за прием на документација за упис на ученици ,навреме планира термини за одржување на факултативна настава и воннаставни активности . Педагошко-психолошката служба има уредна документација поврзана со било која информација за учениците. .<br>Училиштето има изготвено инструмент за следење на педагошката документација на наставниците.<br>Училиштето има правилник за оценување на работата на наставниците.<br>Училиштето ја оценува работата на наставниците преку непосредни посети на час од страна на педагог, психолог и директорот на училиштето.Се прават увиди во глобалните ,тематските и дневните планови за час и се следи како наставниците им помагаат на учениците да го совладаат новиот материјал за време на часот, но во исто време на тој начин се детектираат сите проблеми со кои се соочуваат наставниците во наставниот процес.<br>Особено се дава важност на активноста на учениците,интеракција ученик-ученик,ученик-наставник,мисловната ангажираност на учениците и самоевалуација на часот од страна на наставникот,за да се види дали се |

| | |
|---|---|
| | создадени услови за вреднување на постигањата на учениците и натамошното планирање на наставата.<br>Преку анализи од добиени сознанија од увидите и за сите потреби, училиштето создава услови за планирање на професионалниот развој на наставниците и дава поддршка на нивните образовни потреби.Од тоа се добиваат информации какви обуки во иднина им се потребни на наставниците,наставниот процес во иднина да стане што е можно поефикасен, но и поефективен. Целта е тој процес да направи наставата да биде по мерка на ученикот и неговите образовни потреби. |

<table>
<tr><td colspan="2">3.3. Искуства на учениците од учењето Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>• Средина на учење<br>• Атмосфера за учење<br>• Поттикнување на учениците за преземање одговорност<br>- Поттикнување на учениците за преземање одговорност во реализацијата на еколошки проекти и точки на акции од воспоставените еко-стандарди<br>• Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето</td></tr>
<tr><td>Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td>- Евидентни листови<br>- е дневници на паралелки,<br>- записници од Совети на паралелките и Наставнички совети<br>- Изложени ученички трудови,во</td><td>Учениците престојот во училиштето го доживуваат како можност за нивно надградување при што училниците се адаптирани како стимулирачка и мотивирачка средина која потикнува интерес за учење. Училиштето ги поседува потребните наставни и надгледни средства кои овозможуваат успешно реализирање на наставните планови и програми.<br>Училиштето ги мотивира, стимулира, наградува и пофалува сите ученици кои постигнуваат солидни резултати и освојуваат награди, добиени на натпревари</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| работилници, училиници, ходниците, градска библиотека, изложби,<br>веб-страна на училиштетото, ФБ страна на учлиштето,<br>Инстаграм профил,<br>тетратка за соопштенија<br>огласна табла | од општинско, регионално и државно ниво. Ученичките трудови (проекти, вежби, литературни и ликовни творби) се изложуваат во учлиништето, на посебна табла за истакнување за награди на учениците. Подеднакво се претставуваат и двата пола, сите етнички групи и разни способности на учениците. Во соработка со штипскиот музеј и во уметничката галерија Безистен, повеќепати се презентираат активностите на нашите ученици поврзани со мултиетнички соживот (носија, храна, обичаи).<br>Исто во соработка со библиотеката „Гоце Делчев“промовирани се литературни трудови на учениците. Покрај ова, секој ученик што ќе покаже особен успех и се здобие со  награда, диплома, признание на локално, државно или меѓународно ниво, се изготвува соопштение кое се чита во секој клас, а директорот им приредува прием.<br>Училиштето има своја официјална веб страна, Фејсбук страна и Инстаграм профил кои се ажурираат и оддржуваат од учениците и стручен тим составен од наставници во училиштето, во кои се дава преглед и слика за сите актуелни случувања и збиднувања во училиштето и надвор од него. |

| | |
|---|---|
| **3.4. Задоволување на потребите на учениците** | **Ниво на евалуација: многу добро** |

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата**<br>• **Обезбедување  и одржување на чиста и здрава работна средина за работа и учење** |

| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
|---|---|
| - Записници од педагошки увид на час<br>- Дневни планирања за час, класни часови | Училиштето дава материјално-техничка помош на наставниците (интернет, компјутер за секој наставник), електронски табли во кабинетите и во секоја училница, лаптоп за секој клас, располага со технички средства и помагала кои му помагаат на наставникот при планирањето на часот и изготвувањето на |

| | |
|---|---|
| - Дневник за работа на паралелкита.<br>- Записници,  планови за час, записници од состаноци на Младинската организација,<br>- училишен весник.<br>- www.slavcostojmenski.edu.mk<br>- www.facebook.com/sstojmenski | дневното планирање и ја олеснуваат неговата практична работа. Училиштето има голема подршка од МОН и Локалната самоуправа, со чија поддршка и помош и се обезбедуваат овие технички помагала и средства.<br>Наставниците компјутерите ги користат за работа на час, за прибирање на дополнителни инфомации и за проширување на знаењата на учениците преку презентирање на проекти, следење на видео материјали и слично.<br>Учениците преку пребарување на интернет, со помош на наставниците  ги прошируваат своите стекнати познавања од различни области,  изработка на проекти од различни области. Во центарот за кариера и развој, заедно со наставниците, реализираат креативни работилници,  дебатираат, литературно творат и ја изразуваат својата креативност и иновативност. Наставниците по спорт и спортски активности ги поттикнуваат учениците да спортуваат и да ги развиват своите физички и моторички способности и афинитети.<br>Наставниот кадар и стручната служба се целосно информирани и активно учествуваат во реализација на деветте еколошки теми и точките на акции од воспоставените еко стандарди. Училиштето бара решенија и поддршка,  преку изработка на проекти (аплицирање за грантови), од Локалната самоуправа и МОН, континуирано  да ги подобрува условите за работа.  Епитет за најреномирано училиште во однос на организациската поставеност, домаќинското менаџирање, ред, хигиена и дисциплина. |

<table>
<tr><td colspan="2">3.5. Оценување како дел од наставата        Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>• Училишна политика на оценување<br>• Методи и форми на оценување<br>• Користење на информациите од оценување во наставата</td></tr>
<tr><td>Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td>- Е- дневник за работа на паралелката, евидентни листови, портфолија на ученици<br>- Записници од разговори со ученици<br>- Изработени проекти по наставни предмети</td><td>Оценувањето на учениците се врши од страна на наставниците кои ги применуваат најсовремените критериуми за оценување. Оценувањето се врши формативно и сумативно, со што се следи напредокот и постигнувањето на учениците во сите етапи на учење.<br>Оценките на учениците се внесуваат во е-дневникот. Учениците добиваат оценки за нивното писмено и усно изразување. За усните одговори учениците добиваат најмалку по една оценка во тримесечие, а оценки за писмено изразување има согласно Наставната програма по соодветниот предмет.<br>Во училиштето задолжително се изработуваат проекти по наставните предмети преку кои кај учениците се развиваат способностите за истражување, анализа и синтеза на факти и податоци.<br>Наставниците користат разни инструменти и методи за оценување преку самооценување, заемно оценување, водење портфолија и слично.<br>При усните и писмените одговори на учениците мотивирачки се делува преку задолжително давање на повратни информации за тоа што било добро, а во кој дел би можеле да се подобрат, со цел постигнување на повисоко ниво на знаења и умеења.<br>Училиштето има дефинирана политика за оценување и усогласени критериуми за оценување со кои родителите и учениците се целосно запознати.<br>Оценувањето на ученици со различни способности и потреби, се врши според педагошкото знаење на наставникот, идентификување, препознавање и видување за потребите и способностите на учениците за да се соберат доволен</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | број на показатели, и сето ова во соработка со педагошко-психолошката служба.<br>Се идентификуваат идните активности кои ќе најдат примена во учењето<br>Наставниците целосно ги користат информациите од оценувањето, за да го евалуират и подобрат планирањето и спроведувањето на наставниот процес. |

| | | |
|---|---|---|
| **3.6. Известување за напредокот на учениците** | | **Ниво на евалуација: многу добро** |
| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** | |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** | |
| - Записници од родителски средби<br>- Евидентни листови<br>- Е- дневник<br>- Записници од состаноци на Советот на родители<br>- Евидентирани термини за приемен час на родители | Информациите за својот напредок учениците ги добиваат редовно од предметните наставници и класни раководители на класните часови. На тримесечие и завршување на прво полугодие учениците добиваат евидентни листови за постигнатиот успех и поведението, како и свидетелство по завршувањето на наставната, односно учебната година.<br>Училиштето води евиденција за сите состаноци што се одржани со родителите (се одржуваат по две редовни родителски средби во полугодие). Родителите редовно добиваат информации за напредокот на учениците преку е-дневникот во кој секој родител има пристап. Потешкотии во пристапот во е-дневникот од страна на родителите се многу ретки и тие во комуникација со класниот раководител бргу се надминуваат.<br>Училиштето дава информации за сѐ што ги интересира родителите за постигнувањата и напредокот на учениците.<br>Во училиштето функционира Совет на родители кои организирааат редовни состаноци каде се дискутира за прашања значајни за учениците и изнаоѓање на одговори за истите.<br>Родителите преку Советот на родители како и на родителските средби можат да покренат иницијативи, ги истакнуваат своите идеи, барања, размислувања, а | |

| | |
|---|---|
| | училиштето редовно ги разгледува. Во нашето училиште со традиција се одржува комуникацијата меѓу ученик, наставник и родител во правец на подобри постигнувња. |
| | |
| **Резултати:** | |
| **Клучни јаки страни:**<br>– Училиштето е отворено и обезбедува присуство на вработените и на сите заинтересирани субјекти кои сакаат да го посетат училиштето.<br>– Редовно се одржуваат семинари, советувања, работилници, интерни предавања организирани од страна на БРО, МОН, Локална самоуправа, невладини организации и сл.<br>– Врши дисиманција од одржани семинари, предавања, советувања.<br>– Се користат  разни критериуми и стандарди за оценување и вреднување на постигањата на учениците и наставниците.<br>– Се обезбедува активно учество на наставниците во изготвување на стандарди за оценување по предмети.<br>– Сите училниците се опремени со елекронска табла со која се осовременува наставата.<br>– Се обезбедува подеднаков третман за сите ученици.<br>– Се располага со доволно нагледни средства и помагала по одделни предмети.<br>– Постои соодветен простор за изложување на ученички трудови.<br>– Секој наставник според предметот што го предава и на ниво на стручни активи изготвуваат обрасци за оперативно планирање на часот, во кои се опфатени сите карактеристики.<br>– Се реализираат вонnаставни активности (училишен спорт, дебатни клубови, различни видови на секции, посета на културно – историски објекти и установи, и сл.). | |
| **Клучни слаби страни:**<br>- Ставање акцент на работата со надарените и талентирани ученици и користењето на флексибилни современи форми и методи на работа за развивање на способности за идентификација, дефинирање на проблемите, формирање вештини, умеења и постапки за доаѓање до нови решенија и сознанија.<br>- Потребно е (во време на сеприсутна  комуникација  преку социјалните мрежи, сајбер насилство и живеење на | |

| |
|---|
| младите во виртуална реалност) создавање на услови за непосредна, асертивна комуникација меѓу младите.. |

| |
|---|
| **Подрачје 3: Учење и настава** **Ниво на евалуација: многу добро** |
| **Кратка анализа на Подрачјето 3: Настава и учење** |
| Наставниот кадар во текот на целата учебна година изработува квалитетни планирања, кои ги исполнуваат пропишаните стандарди од БРО и истите континуирано се корегираат во однос на препораките дадени од советниците и инспекторите. Генерално земено, секогаш е потребно да се внесуваат нови методи и техники, кои се очекува да придонесат за поголема мотивираност и интерактивност на учениците во наставата за да се подобри учењето и за стекнување на трајни знаења и вештини. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Планирањата на наставниците ги следи директорот, педагошката служба, советниците од Бирото за развој на образование и инспекторите од Министерството за образование и наука.<br>За реализирање на наставата, наставниците користат разновидни и современи наставни методи и форми на работа кои се соодветни на потребите на учениците и нивните стилови на учење. Согласно со препораките од БРО за достигнување на нивото и стандардите на модерната настава, сè повеќе наставниците користат интерактивна настава со примена на ИКТ, ВИ а со тоа ги поттикнуваат учениците индивидуално да развиваат различни начини на учење, да ги подобруваат вештините за соработка и да стекнат работни навики. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени.<br>Наставниците ја почитуваат личноста на ученикот и не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол, социјалното потекло, етничката и религиска припадност и забрануваат таквите стереотипи да ги користат учениците.<br>Во училиштето постои стимулирачка и поттикнувачка средина, која буди интерес за учење.<br>Редовно се организираат родителски средби, и по потреба, индивидуални средби со родителите кои се добро организирани и на кои јасно им се пренесуваат информациите. Секој наставник има термин за контакт со родителите, кој е утврден на почетокот од учебната година. |

**Идни активности:**

- училиштето да организира иницијативи до надлежните институции за олеснување и намалување на обемот на административна работа што ќе ја олесни работата на наставникот и создаде поголем простор за креативна работа со учениците, како и професионалното и лично усовршување
- покренување на иницијативи до надлежните институции за поголема можност за влијание во креирањето и измените на наставните планови и програми од страна на наставниците, стручните соработници и родителите,
- поголема застапеност на методот на самооценување и овозможување негова адекватна примена во работата со учениците,

**Подрачје 4: Поддршка на учениците** **Ниво на евалуација: многу добро**

<table>
<tr><td colspan="3">4.1. Севкупна грижа за учениците; Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Заштита од физички повреди и елементарни непогоди;</li><li>Превенција од насилство;</li><li>Заштита од пушење, алкохол и дрога;</li><li>Квалитет на достапна храна;</li><li>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот;</li><li>Грижа за учениците од социјално загрозени семејства;</li><li>Обезбедување на финансиска и материјална помош за учениците од социјално ранливи категории;</li><li>Психолошка помош при справување со новонастанати ситуации, стрес и сл.</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Статут на училиштето<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>-Програма за работа на директорот<br>-Анкетирање на наставници, ученици и родители<br>-Досие на ученикот<br>-Увид во просторните капацитети и увид на часот<br>-Увид во педагошката евиденција<br>-Семинари, обуки, предавања<br>-Психолошко советување</td><td>- Едукативно делување за заштита од пороците<br>- Редовно советување за издигнување на психолошката и емоционалната состојба на учениците<br>- Заштита од физички, здравствени и емоционални незгоди<br>- Грижа за учениците од социјално загрозени семејства<br>- Грижа за справување со половите потреби на учениците<br>- Набљудување на ученичкиот развој во однос на личните достигнувања<br>Секојдневно со учениците работи психолошко – педагошка служба која навремено ги открива потребите или недостатоците на учениците. По увидените евентуални проблеми педагогот и психологот ги советуваат учениците со цел да се издигне нивната психолошка и емоционална зрелост. Вакви разговори се вршат и со талентирани ученици со цел да се поттикнат за понатамошен брз развој на интелектуално ниво.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| -Програма за работа на стручна служба | Секој ученик е посебна индивидуа и токму затоа се набљудува на индивидуален начин. Учениците се набљудувани во однос на нивната работа на час, за време на одмор, за време на нивно отсуство од училиште и преку постигнатите успеси. Ова значи дека секој ученик е набљудуван во однос на неговите лични достигнувања без оглед на тоа дали доволно напредува или заостанува. По секое незадоволително набљудување со учениците се води разговор.<br>Секаква злоупотреба на ученици во нашето училиште не е дозволена и во тој поглед учениците се тотално заштитени.<br>Учениците од социјални семејства во училиштето имаат комплетна документација за нивната социјална семејна положба и по истата се постапува согласно законите во нашата држава. Освен законските рамки за овие ученици често се спроведуваат хуманитарни акции, ослободени се од еднократни трошоци: екскурзии, матурска вечер, фотографии и сл.).<br>Учениците во нашето училиште се високо заштитени од физички повреди со овозможување на безбедни услови за работа. Учат во опремени училници заштитени со нови прозорци, клупи и столчиња. Секогаш уредно исчистени и суви ходници и тоалети со што се овозможува висока заштита од физички повреди. Во однос на електричните уреди се води постојана контрола и нивно одржување. Училиштето  има изготвено Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди. Во случај на елементарна непогода штетите ги санира веднаш, а со учениците се постапува согласно законот. Во случај на пожар обучениот персонал пристапува согласно потребите, а на несреќен случај се пристапува со давање на прва помош., како и итна интервенција од страна на Итна помош во склоп на Здравен Дом-Штип. Во училиштето редовно се вршат вежби за заштита од пожар и слични елементарни непогоди, со план за евакуација и начини на справување со истите.<br>Училиштето има пишан документ во кој се дефинирани сите облици на однесување на децата и возрасните,  сè што е надвор од рамките на ваквото |

| | |
|---|---|
| | однесување се смета и третира како физичко или психичко насилство врз учениците. Училиштето се вклучува во сите локални и државни едукативни случувања од оваа област и со тоа допринесува во едуцирањето на учениците. Постојано работиме на издигнување на нивната психолошка и емоционална состојба со цел да не дојде до нивна злоупотреба без оглед дали се работи за физичко или психичко насилство. Ваквите активности се со цел да се заштитат учениците од евентуална пожртвуваност.<br>Училиштето има точно пропишани правила за забрана на пушењето, консумирање на алкохол и дроги. Учениците во училиштето се комплетно заштитени од внесување и употреба на вакви средства. Согласно со училишната политика при сите увидени случувања од овој тип надвор од училиштето персоналот е должен и веднаш пристапува кон советодавна заштитата на ученикот. По ова се пристапува кон евидентирање односно документирано регистрирање на случајот во училиштето. По оваа постапка дејствува педагошко – психолошката служба соедукативни разговори, совети, безбедносни мерки, будење на ученичката свест преку предавања, семинари, обуки и интересни содржини. Програмата за ОЖВ вклучува теми и наставни содржини со кои се детектираат и потенцираат опасностите од консумирање на психотропни супстанци, преку работилници за време на класниот час. Дополнително, учениците присуствуваат и на едукативни работилници со претставници од СВР Штип, како и лекари.<br>Здравјето е огледало на храната кое учениците ја примаат, важноста за здрава исхрана проследена со квалитетни намирници е дел од нашите чести дискусии. Насоката на учениците во однос на нивната исхрана и здрав живот несебично ја понудуваме на учениите како еден клучен елемент од нашето живеење. Класните часови, часовите планирани за Еко стандарди се наменети токму за оваа современа содржина од која зависи здравиот живот на нашите ученици.<br>На учениците со привремени телесни пречки им се нуди комплетна помош во |

| | |
|---|---|
| | однос на образованието. Наставниците, психолошко – педагошката служба и учениците редовно ги посетуваат овие ученици пренесувајќи им го училишното случување преку наставниот материјалот, настаните и другите училишни активности. Нивното вклучување во училишните активности не е намалено со цел и тие да бидат комплетно инволвирани во образовниот процес.<br>Оваа ранлива група на ученици во училиштето се третира преку редовни советувања, хуманитарни акции за нивните потреби, бесплатни екскурзии, матурска вечер, фотографии и сл. Преку наведената укажана помош на овие ученици им овозможуваме нормален и задоволителен ученички живот.<br><br>Училиштето обезбедува системска, континуирана и професионална грижа за учениците преку превентивни, советодавни, едукативни и интервентни активности. Поддршката се реализира преку координирана работа на наставниците, раководниот кадар и психолошко-педагошката служба.<br><br>**Безбедност и заштита**<br>• Обезбедени се безбедни и функционални просторни услови (опремени училници, редовно одржувани санитарни јазли, безбедни електрични инсталации).<br>• Изготвена е Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди.<br>• Се спроведуваат редовни евакуациски вежби.<br>• Персоналот е обучен за прва помош и постапување при кризни ситуации.<br>• Постојат јасно дефинирани протоколи за спречување на насилство и злоупотреба.<br><br>**Превенција од насилство и зависности**<br>Училиштето активно работи на:<br>• превенција од физичко и психичко насилство,<br>• спречување на врсничко насилство,<br>• заштита од пушење, алкохол и психоактивни супстанции. |

| | |
|---|---|
| | Се реализираат:<br>• работилници во рамки на класните часови,<br>• едукативни трибини,<br>• предавања со претставници од СВР, здравствени установи и невладини организации,<br>• индивидуални советувања при констатирано ризично однесување.<br>**Ментално здравје – системска поддршка**<br>Посебен акцент се става на **менталното здравје на учениците**, како клучен фактор за нивниот академски, социјален и личен развој.<br>Во училиштето се реализираат:<br>**1. Работилници за ментално здравје:**<br>• „Управување со стрес и анксиозност“<br>• „Градење самодоверба и позитивна слика за себе“<br>• „Емоционална интелигенција и емпатија“<br>• „Справување со врснички притисок“<br>• „Дигитална безбедност и психолошко влијание на социјалните мрежи“<br>• „Препознавање и надминување на депресивни состојби“<br>**2. Групни активности:**<br>• интерактивни дискусии и дебати,<br>• психо-едукативни сесии,<br>• тим билдинг активности,<br>• арт-терапевтски и креативни работилници,<br>• денови посветени на ментално здравје.<br>**3. Индивидуална поддршка:**<br>• редовни индивидуални разговори со психолог, |

| | |
|---|---|
| | • месечни советувања со учениците,<br>• поддршка при пост-конфликтни трауми,<br>• поддршка при семејни кризи или лични предизвици,<br>• работа со ученици со намалена мотивација или пасивен развој.<br>Целта е развивање на:<br>• емоционална стабилност,<br>• отпорност (resilience),<br>• здрави механизми за справување со стрес,<br>• асертивна комуникација и толеранција.<br>**Социјална и инклузивна поддршка**<br>• Поддршка на ученици од социјално загрозени семејства (ослободување од трошоци, хуманитарни акции).<br>• Поддршка на ученици со телесни пречки или здравствени проблеми.<br>• Посети и континуирана образовна поддршка за ученици кои привремено отсуствуваат.<br>• Поттикнување на родова еднаквост и еднакви можности преку едукативни активности.<br>Секој ученик се третира како индивидуалност и неговиот развој се следи континуирано и систематски.<br>Училиштето обезбедува системска, континуирана и професионална грижа за учениците преку внимателно планирани превентивни, советодавни, едукативни и интервентни активности. Поддршката се реализира преку координирана и тимска работа на наставниците, раководниот кадар и психолошко-педагошката служба, со јасно дефинирани процедури и протоколи за постапување во различни ситуации. Во однос на безбедноста и заштитата, училиштето располага со безбедни и функционални просторни услови, опремени училници, редовно одржувани санитарни јазли и безбедни електрични инсталации. Изготвена е Програма за |

| | |
|---|---|
| | заштита и спасување од елементарни непогоди, а редовно се спроведуваат евакуациски вежби со цел подготвеност при евентуални ризици. Персоналот е обучен за укажување прва помош и за постапување во кризни ситуации, при што постојат јасно утврдени протоколи за спречување насилство, злоупотреба и други форми на ризично однесување. Училиштето активно работи на превенција од физичко и психичко насилство, спречување врсничко насилство, како и заштита од пушење, алкохол и психоактивни супстанции. Во таа насока се реализираат работилници во рамки на класните часови, едукативни трибини и предавања во соработка со претставници од СВР, здравствени установи и невладини организации. При констатирано ризично однесување се спроведуваат индивидуални советувања и се применуваат соодветни педагошки мерки. Посебен акцент се става на менталното здравје на учениците како клучен фактор за нивниот академски, социјален и личен развој. Во училиштето се организираат тематски работилници за управување со стрес и анксиозност, градење самодоверба и позитивна слика за себе, развој на емоционална интелигенција и емпатија, справување со врснички притисок, дигитална безбедност и психолошкото влијание на социјалните мрежи, како и препознавање и надминување депресивни состојби. Покрај тоа, се реализираат интерактивни дискусии и дебати, психо-едукативни сесии, тим билдинг активности, арт-терапевтски и креативни работилници, како и тематски денови посветени на менталното здравје. Индивидуалната поддршка претставува значаен сегмент од системската грижа. Се спроведуваат редовни индивидуални разговори со психолог, месечни советувања, поддршка при пост-конфликтни трауми, семејни кризи или лични предизвици, како и работа со ученици со намалена мотивација или пасивен однос кон учењето. Целта на овие активности е развивање емоционална стабилност, отпорност, здрави механизми за справување со стрес, како и поттикнување позитивна комуникација и толеранција. Социјалната и инклузивната поддршка се реализира преку помош на ученици од социјално загрозени семејства, организирање хуманитарни акции и ослободување од |

| | |
|---|---|
| | определени трошоци кога е потребно. Се обезбедува поддршка за ученици со телесни пречки или здравствени проблеми, како и континуирана образовна помош за ученици кои привремено отсуствуваат од настава. Преку едукативни активности се поттикнува родова еднаквост и еднакви можности за сите ученици. Секој ученик се третира како индивидуалност, а неговиот развој се следи континуирано и систематски. |

<table>
<tr><td colspan="2">4.2 Здравје Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td>• Хигиена и заштита од болести;<br>- Спрведување на точките на акција кои се однесуваат на здравјето согласно воспоставените еко стандарди<br>• Грижа за учениците со здравствени проблеми<br>-Грижа за учениците согласно нивните лични психолошки барања и потреби</td></tr>
<tr><td>Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| - Годишно планирање на училиштето<br>-Куќен ред<br>- Годишната програма за работа на училиштето<br>- Анкета со наставници, ученици и родители<br>-Интервју и разговор со ученици<br>- Записници од надлежни органи за извршен увид и потврдена хигиена<br>-Обуки, едукативни работилници<br>- Записници од разговори со ученици<br>-Извештај од извршени систематски прегледи<br>-Контрола на здравствена легитимација | - Советување за психолошки здравствени проблеми<br>- Справување со се почестата пост – конфликтна траума<br>- Грижа за лична хигиена и правилна социјализација на учениците<br>- Грижа за здравјето на ученици и укажување помош за евентуални здравствени проблеми<br>- Делување врз пасивниот развој на учениците<br>- Работа со бремени ученички и помош во наставата, социјализацијата<br>- Заштитени и безбедни простории за учениците<br>- Советување за емоционален напредок при созревање на емоционалната интелигенција кај учениците<br>- Поддршка во натпреварувачки ситуации и ненадеен успех<br>Училиштето е препознатливо по хигиената која им ја нуди на учениците, таа е на високо ниво. Сигурноста дека учениците во просториите на училиштето се високо заштитени од несакани болести е сигурна, но учениците редовно се советуваат на оваа тема со цел да се заштитат и надвор од него. Во рамките на училиштето најмногу внимание се посветува на тоалетите, ходниците и мебелот со кои се опремени училиниците. Нивното редовно чистење не дозволува ширење на епидемии во училиштето. Освен техничката заштита во однос на хигиеата и ученичкото здравје на учениците им се нудат и советувања во однос на: психолошките здравствени проблеми, грижа за лична хигиена и правилна социјализација на учениците, грижа за здравјето на ученици и укажување помош за евентуални здравствени проблеми, делување врз пасивниот развој на учениците, работа со бремени ученички и помош во нивната социјализација, советување за емоционален напредок и сл.За учениците кај кои ќе се појават несакани заразни болести, настинки, грип и сл. постојат точно пропишани правила по кои се ослободуваат од настава се до моментот кога ќе закрепнат.<br>Кај учениците пак со утврдени здравствени проблеми се пристапува советодавно, со цел да се упати кај потребниот лекар или откако е помината таа процедура се пристапува кон пружење на психичка поддршка и советувања. |

| | |
|---|---|
| | Ваквото советување за емоционален напредок и созревање на емоционалната интелигенција го врши психологот кој е во секојдневна служба на учениците. Со нив се разговара и им се укажува на вистинската слика за она кои се тие и на кој начин треба да ја развиваат својата доследност во напредна линија. При ваквите советувања најчесто им се даваат и ризиците на кои може да наидат, но затоа се советуваат и како да се справат со истите..<br>Училиштето обезбедува висок степен на хигиена и здравствена заштита.<br>• задолжителни систематски прегледи од I до IV година,<br>• редовна санитарна контрола,<br>• советувања за лична хигиена и здрави навики,<br>• едукативни активности за здрава исхрана,<br>• програми согласно еко-стандардите.<br>При појава на заразни болести се постапува согласно пропишани процедури. Учениците со хронични заболувања добиваат индивидуална поддршка и психолошко советување.<br>Менталното здравје е интегрален дел од здравствената грижа преку:<br>• советување за емоционално созревање,<br>• работа на развој на емоционална интелигенција,<br>• поддршка при натпреварувачки притисок,<br>• превенција од burnout кај учениците.<br>Училиштето обезбедува висок степен на хигиена и здравствена заштита, во согласност со важечките стандарди и прописи. Се организираат задолжителни систематски прегледи за учениците од I до IV година, се врши редовна санитарна контрола и се реализираат советувања за лична хигиена и развивање здрави животни навики. Дополнително, се спроведуваат едукативни активности за здрава исхрана и програми |

| | |
|---|---|
| | во согласност со еко-стандардите. При појава на заразни болести, училиштето постапува согласно пропишаните процедури и препораки од надлежните институции. Учениците со хронични заболувања добиваат индивидуална поддршка, прилагодување на обврските кога е потребно и психолошко советување. Менталното здравје е интегрален дел од севкупната здравствена грижа. Во таа насока се реализираат активности за емоционално созревање, развој на емоционална интелигенција, поддршка при натпреварувачки притисок и превенција од прегорување (burnout) кај учениците. |

| **4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>Ниво на евалуација: многу добро** | |
|---|---|
| **Теми** | • **Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување;**<br>• **Грижа за учениците со емоционални потешкотии**<br>• **Насочување на учениците при евентуални дилеми во својот избор на занимање** |
| **Извори на на докази** | **Идентификувана состојба** |
| - Годишна програма за работа на училиштето<br>- Годишно планирање на училиштето<br>- Анкети со ученици | - Советување за психолошки здравствени проблеми<br>- Справување со се почестата пост – конфликтна траума<br>- Грижа за лична хигиена и правилна социјализација на учениците<br>- Грижа за здрављето на ученици и укажување помош за евентуални здравствени |

| | |
|---|---|
| - Анкета со родители<br>- Анкета со наставници и стручни соработници<br>-Досие на ученикот<br>-Увид во педагошката евиденција<br>-Семинари и обуки<br>- Записници од разговор со училишен психолог; | проблеми<br>- Делување врз пасивниот развој на учениците<br>- Работа со бремени ученички и помош во наставата, социјализацијата<br>- Заштитени и безбедни простории за учениците<br>- Советување за емоционален напредок при созревање на емоционалната интелигенција кај учениците<br>- Поддршка во натпреварувачки ситуации и ненадеен успех<br>Училиштето е препознатливо по хигиената која им ја нуди на учениците, таа е на високо ниво. Сигурноста дека учениците во просториите на училиштето се високо заштитени од несакани болести е сигурна, но учениците редовно се советуваат на оваа тема со цел да се заштитат и надвор од него. Во рамките на училиштето најмногу внимание се посветува на тоалетите, ходниците и мебелот со кои се опремени училиниците. Нивното редовно чистење не дозволува ширење на епидемии во училиштето. Освен техничката заштита во однос на хигиеата и ученичкото здравје на учениците им се нудат и советувања во однос на: психолошките здравствени проблеми, грижа за лична хигиена и правилна социјализација на учениците, грижа за здравјето на ученици и укажување помош за евентуални здравствени проблеми, делување врз пасивниот развој на учениците, работа со бремени ученички и помош во нивната социјализација, советување за емоционален напредок и сл.За учениците кај кои ќе се појават несакани заразни болести, настинки, грип и сл. постојат точно пропишани правила по кои се ослободуваат од настава се до моментот кога ќе закрепнат.<br>Кај учениците пак со утврдени здравствени проблеми се пристапува советодавно, со цел да се упати кај потребниот лекар или откако е помината таа процедура се пристапува кон пружење на психичка поддршка и советувања. Ваквото советување за емоционален напредок и созревање на емоционалната интелигенција го врши психологот кој е во секојдневна служба на учениците. Со нив се разговара и им се укажува на вистинската слика за она кои се тие и на кој начин треба да ја развиваат својата доследност во напредна линија. При ваквите |

| | |
|---|---|
| | советувања најчесто им се даваат и ризиците на кои може да наидат, но затоа се советуваат и како да се справат со истите.<br>Училиштето обезбедува кариерно советување преку:<br>• индивидуални разговори,<br>• тестови за професионални интереси,<br>• трибини за избор на професија,<br>• соработка со високообразовни институции,<br>• насочување според афинитети и способности.<br>Во процесот се зема предвид и психолошката подготвеност на ученикот за идниот избор.<br>Училиштето обезбедува систематска кариерна ориентација и советување со цел учениците да донесат информирана и реална одлука за своето понатамошно образование. Процесот се реализира преку индивидуални разговори, примена на тестови за професионални интереси и способности, организација на трибини за избор на професија и соработка со високообразовни институции. При насочувањето се земаат предвид афинитетите, способностите и интересите на ученикот, како и неговата психолошка подготвеност за идниот избор, со што се обезбедува балансиран и одговорен пристап кон кариерното планирање. |

<table>
<tr><td colspan="3">4.4 Следење на напредокот      Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците;</li><li>Анализа на напредокот на учениците по паралелки</li><li>Евидентирање на сите настапи надвор и во училиштето, како и пред заедницата</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на  на докази</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Годишно планирање на училиштето<br>- Анкети со ученици<br>- Анкета со родители<br>- Анкета со наставници и стручни соработници<br>-Досие на ученикот<br>-Дневник на паралелката<br>-Увид во педагошката евиденција<br>-Семинари и обуки</td><td>- Будно следење на ученичкиот развој<br>- Водење на јасна евиденција за ученичките случувања и известување за истите<br>- Алатки за подобрување на наставата, емоционалниот и социјалниот живот на учениците<br>Ученичкиот развој се следи секојдневно преку улогата на наставникот, педагогот и психологот. Сите видувања се евидентирани во училишниот дневник, а со тоа се следи ученичкиот равој и се прави анализа по истиот, во однос на тоа дали напредува. По секое видување се прави анализа и доколку е потребно се преминува кон разговор со ученикот. Училиштето интензивно работи за намалување на ученичките изостаноци и притоа будно ја следи состојбата. Освен ова учениците и родители преку евидентни листови се информираат за постигнувањата.<br>Целокупната работа на вработените во училиштето и нивната посветеност на учениците се најдобрите алатки за подобрување на ученичкиот живот од аспект на настава, емоционален и социјален живот на учениците. Нивниот личен развој и достигнување се единствениот доказ за успех на нашето училиште.<br>Училиштето има база на податоци за училишните постигнувања на секој ученик и врз основа на тоа, континуирано го следи неговиот напредок. Согласно училишната политика врз ученикот се врши набљудување во однос на ученичкиот развој. Будно се следат личните достигнувања (преку оцени и успеси на натпревари, мотивирање и советување за поголеми успеси). Индивидуалниот</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | напредок се врши преку Дневникот на паралелката и преку личен контакт со учениците.<br>Училиштето води евиденција за напредокот на учениците,во совладувањето на новите знаења (преку континуирано оценување, формативно и сумативно), за напредокот, редовноста и поведението на учениците како и за нивниот развој. Родителите, редовно, најмалку 4 пати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на родителски средби или на индивидуални средби – на приемен ден на предметниот наставник.За напредокот на учениците се дискутира и на Наставничкиот совет,кој по потреба предлага и презема мерки за подобрување на поведението на учениците. За учениците кои имаат негативни оценки по три или повеќе предмети, раководителите на паралелките ги поканув аат родителите кои имаат законска обврска да дојдат на советување. Советувањето на родителите го врши педагогот/психологот врз основа на Законот за средно образование. На овие совети исто така се издвојуваат (идентификуваат) ученици кои се истакнуваат во својата работа (талентирани ученици), кои се пофалени и пригодно наградени од страна на раководниот тим. .Во евидентирањето на успехот на учениците како и на нивниот напредок , редовност и поведение учествуваат сите субјекти кои се вклучени во образовниот процес во училиштето. Првичната слика за учениците ја имаат класните раководители, училишниот педагог,психолог кои понатаму тековно го следат секое нивно одење напред во стекнувањето на нови знаења. Нивниот правилен напредок доведува до изградување на сестрано образовани личности.<br>Ваква анализа се врши од страна на психолошко – педагошката служба со цел да се увиде колективниот развој на учениците и нивното социјално делување во средината. Анализите се редовни и статистички обработени, а на увид ги има секој наставник и ученик со цел да се согледа реалната слика и да се поттикне свеста за поголеми колективни успеси.<br>Напредокот на учениците се следи преку:<br>• формативно и сумативно оценување, |

| | |
|---|---|
| | • анализа по паралелки,<br>• евиденција за редовност и поведение,<br>• статистички анализи од страна на психолошко-педагошката служба.<br>Родителите се информираат најмалку четири пати годишно и се вклучуваат во советодавни процеси кога е потребно.<br>Талентираните ученици се идентификуваат, поттикнуваат и наградуваат.<br>Напредокот на учениците се следи континуирано преку формативно и сумативно оценување, анализа на постигањата по паралелки, евиденција за редовност и поведение, како и преку статистички анализи изготвени од психолошко-педагошката служба. Родителите се информираат најмалку четири пати годишно за постигањата и однесувањето на нивните деца и активно се вклучуваат во советодавни процеси кога тоа е потребно. Талентираните ученици се навремено идентификуваат, дополнително се поттикнуваат и се наградуваат за своите успеси, со што се стимулира нивниот понатамошен развој. |

| **Резултати:** |
|---|
| **Клучни јаки страни**:<br>- Примарна превентива и задолжителни систематски прегледи на учениците од прва до четврта година.<br>- Мотивирачки модули за поддршка на учениците (пофалување, наградување, дополнително едуцирање).<br>- Комплетна евиденција и слободен пристап за родители за постигнувањата на учениците од аспект на лично, социјално, емоционално и научно издигнување.<br>- Посебна професионална посветеност на ученици со потешкотии во совладувањето и развивањето.<br>- Секојдневно набљудување на учениците, задолжителен месечен разговор со педагог, психолог без оглед на различните ученички потреби.<br>- Будно следење на учениците надвор од училишната зграда како фактор кој може да делува врз нивното научно, емоционално и социјално постигнување. |

| |
|---|
| - Редовни едукативни обуки надвор од наставата со актуелни содржини кои ја будат свеста на ученикот.<br>- Пронаоѓање на професионални модули за помош на ученици кај кои ќе се увидат постоечки или потенцијални проблеми.<br>- Отворен разговор, професионална соработка со родителите на било која група деца.<br>- Помош за родители, советувања, насочувања, заедничко дејствување при евентуален увиден проблем<br><br>- раководните структури имаат изготвено солидни годишни програми за поддршка на учениците<br>- успешно креирана училишна политика во функција на доброто на учениците<br>- соработка со останати училишта, едукативни центри и институции<br>- одржување на досега постигнатото задоволувачко ниво во однос на воспоставените односи ученик-професор<br>- одржување на постигнатиот интерес на учениците за отворена соработка со училиштето и надвор од него |
| **Клучни слаби страни:**<br>- Продолжување на започнатото и остварување на уште поголема соработка со учениците и нивните родители со цел да се издигне на уште повисоко ниво. Насочување на комуникацијата и поддршката кон поголема активност и инволвирање на учениците во комплетните активности на општеството.<br>- Поддршка за понатамошно едуцирање со современи и нови научни достигнувања за напредување на учениците по секаков здравствен основ и нивна инклузивност.<br>- Продолжување на поддршка на учениците за полесно осознавање на половите разлики, но и на осознавање за еднаквите можности, сето тоа преку навремено едуцирање. |

## Подрачје 4: Поддршка на учениците Ниво на евалуација: многу добро

| Кратка анализа на Подрачјето 4: Поддршка на учениците |
| --- |
| За набљудување, поддршка и грижа за учениците училиштето применува различни активности:<br>- Задолжителни систематски прегледи за сите ученици, следење на нивниот писхо – физички развој, едукативни трибини за нивното здравје, едукативни трибини за доживотно учење и избор на идна професија<br>- Работа со надарени ученици<br>- Работа и советување на ученици со пасивен развој<br>- Комплетна поддршка при натпреварување<br>- Помош кај учениците од средини со понизок социјален статус<br>- Евидентирање на успехот и анализа за истиот<br>- Соработка со родителите<br>- Акцент врз работата со половите на учениците како различни индивидуи.<br>Безбедноста на учениците за време на наставата е приоритетна задача. Училиштето прави се за учениците да бидат заштитени и насочени само на учењето и развојот. Санитарните служби континуирано вршат контрола на хигиената во училиштето и истата е на високо ниво.<br>Континуирано се следи успехот и поведението на секој ученик одделно, при увид на евентуални проблеми училиштето превзема соодветни мерки согласно Законот за средно образование и истите навремено се решаваат.<br>При појава на здравствени проблеми било физички или психички се повикуваат родителите на ученикот и се информираат за увидената здравствена состојба.<br>Целта на училиштето е јасно поставена: Работиме за учениците, за нивна заштита, за нивно емоционално и социјално издигнување во општеството. Токму затоа учениците се дел од многубројни едукативни обуки и стручни советувања со цел да се креира вистинската свест и вредност кај ученикот.При доаѓање или заминување на ученик од училиштето постои процедура која е во согласност со Законот за средно образование. |

**Идни активности:**

- Советодавна помош на учениците во однос на компетенциите, нивно идно насочување за професионален избор и развој.
- Едукативни програми за зачувување на здрав емоционален и психо – физички развој на учениците.
- Едукација на наставниот кадар и стручни соработници за правилно проценување и вреднување на психо – физичките состојби на учениците. Стручно справување со пост – конфликтни трауми како современа и зачестена појава кај учениците.

<table>
<tr><td colspan="3">Подрје 5: Училишна клима и односи во училиштето Ниво на евалуација: многу добро<br><br>5.1. Училишна клима и односи во училиштето Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">Углед / имиџ на училиштето;<br>- Реализација на точките на акција од третиот и четвртиот еко-стандард<br>Кодекс на однесување<br>- Реализација на седмиот чекор од еколошката програма (Донесување на еко-кодекс)<br>Училишна клима<br>Поведение и дисциплина во училиштето<br>Партиципација на учениците во решавањето на проблеми и донесувањето на одлуки<br>- Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки како активни учесници во реализација на седумте чекори и точките на акција од еко-стандардите ( еко-секција, еко-патроли, еко-одбор)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Записници од психолошко-педагошка служба<br>- Систематско наблудување<br>- Интервју со наставниците<br>- Анкета на наставниците и учениците<br>- Записници од состаноци со родителите<br>- Е - дневник за работа на паралелките</td><td>Целта на секоја организација, вклучувајќи го и нашето училиште, е создавање на позитивна клима која долгорочно ќе резултира со успешно работење на организацијата и ќе ги користи потенцијалите на своите луѓе како составен дел на една добро компонирана работна целина.<br>Организациите кои ја следат организациската клима и задоволството на своите вработени многу често планираат интерни промени кои првенствено се наменети за целокупното подобрување на резултатите.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| - Записници од Училишен одбор<br>- Пријави за упис<br>- Решенија и одлуки за изречени педагошки мерки<br>- Покани за разговор со родителите<br>- Конструктивни разговори<br>- Записници од Совет на паралелката<br>- Педагошки мерки<br>- Записници од Наставнички совет<br>- Средби со матуранти<br>- Анализа<br>- Извештај од работата на училиштето<br>-Анкетен прашалник (скалер) | Гимназијата „Славчо Стојменски“ во Штип е училиште препознатливо по својот квалитет во работењето, постигнувањата на наставниците и учениците во различни области. Посебен акцент се дава на хигиената, здравјето и безбедноста на учениците. Се негува мултикултурализмот, се подржува инклузивноста. Учениците, родителите и заедницата партиципираат во работата на училиштето. Наставниот кадар ужива респект кај учениците и нивните родители. Тие се грижат за угледот на училиштето и се горди што се дел од него.<br>Училиштето е препознатливо по уредениот и чист училишен двор. Го уредивме и прилагодивме училишниот двор за спортски активности, терен за кошарка и одбојка, изградена е трибина за следење на натпреварите. На горниот дел од училишниот двор се поставени клупи, а просторот е збоготен со жардењери и поставени корпи за отпадоци. Просторот околу училишната зграда, на околу 300 $m^2$ никна современо облагороден простор, уреден со тревна површина, зимзелени украсни дрвца, клупи за седење, корпи за отпадоци и атрактивна фонтана.<br>Обезбедени се здрави услови за престој и работа во училишната зграда.<br>Училиштето има донесено Кодекс на однесување и Куќен ред во кој се поставени правилата на однесување на сите структури (раководен кадар, наставници, стручна служба, технички персонал, ученици и родители), кон кој се и придржуваат како и протокол на работа во услови на пандемија. Во изработката на истите земаат учество претставници од поодделни структури, а е усвоен на Училишен одбор.<br>Раководниот кадар, психолошко-педагошката служба и наставниот кадар придонесуваат во училиштето да владее пријатна атмосфера и без никакви проблеми да се одвива воспитно-образовниот процес.<br>Училиштето има донесено и Еко-кодекс кој е поставен на видно место и е во согласност со содржините на еколошката програма. Кодексот се состои од правила и принципи кои се однесуваат на сите структури во училиштето. Во изработката на истиот земаат учество претставници од поодделни структури и е |

| | |
|---|---|
| | усвоен од Еко-одборот.<br>СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип, училиште во кое се планира и реализира воспитно-образовна дејност, докажана и вреднувана од сите чинители на секојдневното општо и институционално опкружување. Во нашето училиште односите меѓу вработените се темелат на конструктивна комуникација која овозможува разбирање и коректност во меѓусебните релации, но и заемна соработка, колегијалност, искреност, почитување.<br>Вработените во училиштето вистински се залагаат новиот вработен да се чувствува удобно;<br>- Во училиштето има развиено чувство на заедништво;<br>- Вработените во училиштето покажуваат особен интерес едни за други;<br>- Вработените се дружат надвор од работното време;<br>- Соработуваат добро меѓу себе.<br>Во училиштето може да се забележи клима на колегијалност, професионална соработка, заемна почит, самокритичност и одговорност на сите вработени. Почнувајќи од Директорот кој е доследен во својата работа, а тоа се рефлектира и на однесување и работата во колективот. За соработката меѓу наставниците најдобро говори организирањето на заеднички прослави меѓу кои ќе ги споменеме: заедничката прослава за Нова година, прослави по повод пензионирање на колеги, матурирање, дипломирање на деца на колеги. Сето тоа е индикатор за заедништвото и чувството на припадност кон колективот.<br>Од спроведениот анонимен Анкетен прашалник-скалер, на тема „Училишна организациска клима", меѓу вработените во Гимназијата, и врз основа на добиените резултати за аргументирано дијагностицирање на мислењата и ставовите, за параметрите на организациската клима и организацијата на работење, се дојде до заклучок дека во училиштето се негуваат меѓучовечките односи и колегијалната кохезија, во насока на стимулирање на пријателските и поддржувачките меѓучовечки односи; Поддршката и однесувањето на директорот-позитивниот став на директорот во градење на добри комуникациски односи во |

| | |
|---|---|
| | училишната средина; Постои тимската работа и соработката на вработените, охрабрување за превземање на иницијативи за заеднички проекти; Треба да се обрне посебно внимание на вработените од средното доба, да се насочуваат и правилно советуваат за професионалните можности кои им се достапни.<br>Односот меѓу учениците од ист и различен пол е коректен, постои заемно почитување, соработка. Истото се однесува и на учениците кои се од различно етничко потекло. Степенот на заемно почитување е висок, иако кај нас мал процент ученици се од другите етнички заедници. Во училиштето оваа учебна година до крајот на првото полугодие се образуваат и воспитуваат вкупно 408 ученика од кои (машки 174, женски 234), 365 се Македонци, (158 м. и 208 ж. ) а од другите етнички заедници се застапени: Власи кои ги има 22 ( 11 м. и 11 ж.), Турци 12 ( 2 м. и 10 ж. ), Роми 8 (3 м. и 5 ж.). Училиштето обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици од различно етничко потекло.<br>Се негува и почитува различноста и мултикултурализмот. Континуирано продолживме со активностите од „Проекттот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ - МИМО, за да се подобри и зајакне меѓуетничката кохезија на младите во Република Северна Македонија преку создавање на услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности. Да ги идентификуваме и обезбедиме потребните интервенции кои ги поддржуваат постојните политики и практики на државно и локално ниво во однос на меѓуетничкото и граѓанското образование на ниво на училиште и заедница.<br>Пред почетокот на учебната година на Наставнички Совет од страна на раководниот тим на наставниците покрај запознавање со годишната програма и давање на упатства и се нагласува дека сите ученици под еднакви услови имаат право на средно образование и не се дозволени дискриминации по никоја основа.<br>Поведението и дисциплината на учениците се на високо ниво, што е приоритет и главната определба на наставниот кадар. Во училиштето се евидентираат изостаноците и согласно со Статутот и Интерниот правилник на училиштето за изрекување педагошки мерки, се изрекуваат соодветните педагошки мерки, |

| | |
|---|---|
| | доколку се надмине дозволената граница. На дискретен и професионален начин се работи со учениците кои покажуваат отстапувања во поведението и дисциплината. Посебно ангажирани се класните раководители и психолошко-педагошката служба кои се обидуваат на  најдобар можен начин да допринесат за да се запазат сите права и должности на ученниците. Главниот фактор во решавањето на проблемот со поведението и дисциплината е активното вклучување на родителите со чија соработка може да се изврши поголемо влијание кај учениците.<br>Училиштето секогаш е отворено за надворешни лица. Со работа се започнува од 07 часот наутро до 15 часот, така што за секој заинтересиран вратите на училиштето се секогаш отворени. Наставниот кадар и стручната служба на училиштето се ставени во служба на родителите на учениците, со цел навремено детектирање и отстранување на тековни проблеми во образовниот и воспитниот процес. Училиштето е отворено за надворешни лица, пред се за родителите на учениците кои доаѓаат во термините за средба со родителите и членовите на Училишниот одбор. Секоја година во месец мај како една од определбите за привлекување на учениците од основните училшта, на организираниот отворен ден во Домот на младите, од страна на Локалната самоуправа  гимназијата учествува со сопствена презентација  со цел деветоодеденците и нивните родители подобро се запознаат со нашиот квалитет на работа и што се Гимназијата може да им понуди како идни средношколци.<br>Наставниците се горди на своето училиште, пред се тргнувајќи од фактот дека несебично го вложуваат својот труд за постигнување на резултати од кои  во целост се задоволни гледајќи го односот и интересот на учениците кон наставата. Земајќи го во предвид  успехот со кој се запишуваат учениците во средното училиште, остварениот успех кој ќе го постигнат учениците во текот на наставата секогаш е на високо ниво за што ни говори минатогодишниот  општ успех кој го постигнаа учениците, кој изнесуваше  Мн. добар (4.23). За тоа најголема заслуга имаат наставниците со нивно максимално залагање. Училиштето располага со |

| | |
|---|---|
| | стручен кадар кој има голема желба да ги пренесе знаењата и искуствата на своите ученици. Учеството на учениците на разни натпревари и добивањето на награди и признанија е показател за успешноста на учениците, на училиштето и на наставничкиот кадар кои имаат тенденција за постигнување на врвни резултати.<br>Учениците постојано, навремено добиваат информации кои се однесуват на нив и е од нивен интерес. Преку ученичката организација, тие преземаат иницијативи и земаат учество во решавањето на проблемите и донесуваат одлуки по однос на одредени прашања. |

<table>
<tr><td colspan="3">5.2. Промовирање на постигањата      Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">Промовирања на личните постигања на учениците<br>Промовирање на постигањата во име на училиштето<br>- Реализација на шестиот чекор од еколошката програма (Информирање и вклучување на пошироката заедница)</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">-Записници од Наставнички совет<br>- Е -Дневник на паралелката<br>- Книга за соопштенија<br>- Награди, Признанија, Дипломи, Пофалници<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Извештај за работата на училиштето<br>-Меморандум за соработка со УГД<br>- Договор за реализирање на практична настава</td><td>Училиштето има воспоставен систем на вредности и начин на промовирање на личните постигања на учениците во рамките на училиштето и пошироката локална средина. Промовирањето на личните постигнувања на учениците со завидни резултати, но и на оние со послаби способности за учење е главно на ниво на училиште, но секако поважните постигнувања (на државно и меѓународно ниво) се истакнуваат на веб страна на училиштето и на локалните медиуми.<br>Трудовите од областа на литературата и постигнувањата од различни области се објавуваат електронски на официјалната ФБ страна на училиштето во и локалните медиуми, ТВ Стар, М Нет, каде наши учениците редовно гостуваат во контактни емисии и ги промовираат своите достигнувања.<br>Училиштето соработува со културните институции во градот: Народна библиотека „Гоце Делчев“ – Штип, Народниот театар и Музејот на град Штип, преку оваа соработка се дава можност за редовно учество и гостување на нашите ученици и вработени, да се промовираат достигнувањата, како лични така и во името на училиштето. Училиштето има потпишано и меморандум за соработка со Универзитетот ,,Гоце Делчев" Штип и редовно наши ученици се поканети на работилници, предавања каде земаат активно учество во дискусии и го промовираат училиштето. Гимназијата ја отвора вратата и за студенти од Филолошкиот факултет при Универзитетот ,,Гоце Делчев" Штип кои реализираат практична настава во училиштето.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Училиштето го поттикнува наставниот кадар и ги мотивира учениците да учествуваат и постигнуваат успеси на натпревари, конкурси и еколошки акции. |

<table>
<tr><td colspan="3">5.3. Еднаквост и правичност         Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">Познавање на правата на децата<br>Еднаков и правичен третман на сите ученици<br>Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Пријави за упис<br>- Критериум за прием на ученици<br>- Е- дневник на паралелката<br>- Изјави на класен раководител<br>- Разговори со ученици<br>- Меморандум за соработка „Рота“</td><td>Сите вработени во училиштето ги знаат и почитуваат правата на учениците. Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права  и ги заштитува во случај на нивно нарушување за што најголема улога имаат класниот раководител и психолошко-педагошката служба кои преку конструктивни разговори се залагаат за подобрување на почитувањето на правата.<br>Во училиштето е развиена висока морална свест и толерација и се обезбедува еднаквост и правичност за сите ученици без разлика на полот, етничкото потекло и социјалното потекло.. При уписот на учениците во училиштето, за сите важат исти  критериуми и никогаш не се прави дискриминација по национална, верска и социјална основа.<br>Училиштето следи дали сите ученици добиваат еднаков третман во текот на наставниот и образовен процес преку разговори со ученици, родители и класни раководители.<br>Училиштето води политика на позитивното вреднување и промовирање на родова, етничка, културна, верска и јазична разновидност. Со активно учество во „Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието“ – МИМО,  на УСАИД и имплементација  на 1 Компонента-Информирање на јавноста и заедниците, преку креативни работилници, Форум театар и изработка на видео – анимации учениците се стекнуваа со знаења и вештини за почитување на различните мулти култури, припадници на заедниците и малцинства, ги осознаваа различните традиции, обичаи и ритуали.  Училиштето има потпишано Меморандум за соработка со Здружението Ромска асоцијација за еднакви права</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | ,,Рота" Штип со цел унапредување на правото на образование на децата Роми со посебен акцент на ромските девојчиња. |

| **5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница** | **Ниво на евалуација: многу добро** |
|---|---|
| **Теми:** | **Соработка на училиштето со родителите**<br>**Соработка со локалната заедница**<br>**Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор**<br>- Соработка на училиштето со родителите, локалната и деловната заедница, невладиниот сектор, медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма ( Еко-одбор). |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| - Записници од психолошко-педагошка служба<br>- Записници од состаноци со родителите<br>- Извештај за воспитно-образовна работа<br>- Анкета на родители<br>- Извештај на училиштето<br>- Програма за работа на училиштето<br>- Организирани трибини,дебати и предавања<br>- Извештај за воспитно-образовна работа<br>- www. facebook/com. Sstojmenski<br>- Договор за соработка со ДСУРЦ ,,Искра" Штип | Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца преку задолжителни средби со наставниците. Одредени се термини за тие средби, поставени на огласна табла на влезот на училиштето, исто така родителот има можност да разговара со педагошко-психолошката служба и Директорот на училиштето. Со родителите се разговара по сите важни прашања кои се однесуваат на воспитанието и образованието на нивните деца и доколку некаде има потреба се превземаат конкретни мерки. По извршениот анкетен прашалнк, 92% од родителите се изјавиле дека се информирани за напредокот на нивното дете, 8% изјавиле дека делумно се вклучени во решавањето на прашања кои имаат важност за училиштето.<br>Со родителите се комуницира на родителски средби кои задолжително се одржуваат најмалку по две во секое полугодие. На родителските средби се дискутира за успехот, дисциплината и други во моментот актуелни прашања поврзани со наставата и проблеми со кои се соочиле учениците. 93% од родителите се изјавиле дека родителските средби се корисни и доволно информативни. Родителите даваат свое мислење и сугестии во однос на некои прашања и предлози за подобрување на квалитетот на работата. Нашето училиште секојдневно е отворено за соработка и вклучување на родителите во животот на училиштето, како битен ресурс за неговото континуирано подобрување |

| | |
|---|---|
| | во работата. Има изготвено планови и програми за работата на Советот на родителите од I до IV година. Нивното учество е активно и партиципативно во донесувањето на сите одлуки во училиштето. Училиштето постојано ги негува односите на правичност и демократичност со родителите и тие секогаш се чувствуваат добродојдени во нашето училиште.<br>Училиштето е активно вклучено во животот на локалната заедница. Соработката се остварува преку учество на учениците на предавања од различни области, важни за воспитно – образовниот процес, јавни дебати, трибини и презентации, организирани во просториите на локалната самоуправа. Освен со локалната самоуправа нашето училиште соработува и со невладиниот сектор, со СВР Штип, посебно делот за превенција, со одржување на состаноци за подигање на сообраќајната култура, законската регулатива за малолетничка деликвенција и користење на ПАС супстанци од страна на малолетните лица. Се соработува и со ЗЈЗ-завод за јавно здравје. Со помош на стручни медицински лица учениците се едуцираат за превенција од ХИВ СИДА, СПБ. Исто така вреди да се истакне и соработката со Црвен крст – Штип, се реализираат крводарителски акции каде нашите ученици и вработени се вклучени во хумана акција за дарување на драгоцената течност и спасување на човечки животи. Гимназијата соработува со други училишта, учество на патрони празници, спортски манифестации и разни конкурси, учество на семинари, но и соработка со средни училишта од нашата земја. Нашето училиште соработува и со Државното средно училиште со ресурсен центар ,,Искра" Штип со цел меѓусебна соработка и поддршка на учениците и нивните родители при имплементација на инклузивното образование.<br>Училиштето има воспоставено активна соработка со невладиниот сектор, учествувајќи на разни предавања, работилници, анкети и дебати од интерес на учениците, родителите и вработените. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни**

- Многу добра информираност на родителите за постигнувањата и напредокот на нивното дете
- Организациска поставенст на високо ниво
- Тимска работа и соработка
- Мотивираност, позитивни ставови кон работата, посветеност на работата, чувство на припадност кон организацијата
- Училишна клима со воспоставена атмосфера на доверба,отвореност, колегијалност и соработка
- Чиста и здрава, пријатна средина со хигиенски услови на виско ниво
- Безбедност и заштита на учениците,
- Учество на општински, регионални и државни и меѓународни натпревари и постигнување на одлични резултат

**Клучни слаби страни.**

- Продолжување со трендот на континуирано подобрување на условите за работа и квалитетот на наставата.
- продолжување на соработката со родителите и нивно активно вклучување во решавањето на значајни прашања за работата на училиштето,
- продолжување на соработката со локалната самоуправа, приватниот, невладиниот сектор и државните институции,
- учество во проекти кои ќе допринесат за препознатливи резултати и ефекти насочени кон развојот на сите подрачја на воспитно-образовната дејност, афирмација и подигнување на имиџот на нашето училиште.

**Подрачје 5: Клима** **Ниво на евалуација: многу добро**

| **Кратка анализа на Подрачјето 5: Клима :** |
|---|
| Односите и релациите меѓу вработените, наставниците и родителите, наставниците и учениците се засноваат на коректност и заемно почитување.<br>Училиштето има донесено Куќен ред на училиштето и обезбедува еднаквост и правичност за учениците од различно етничко потекло. Поведението и дисциплината на учениците ги задоволуваат очекувањата на наставниот кадар. Во училиштето се евидентираат изостаноците и согласно Статутот и Правилникот се изрекуваат соодветните педагошки мерки. Согласно Програмата за советување на родители и ученици, се врши советување на родители и ученици по основ на исти или слични проблеми. Училиштето е отворено за надворешни лица, пред се за родителите на учениците и членовите на Училишниот одбор.Наставниците се горди на своето училиште.Промовирањето на личните постигнувања на учениците со завидни резултати, но и на оние со послаби способности за учење е главно на ниво на училиштето, но и на локалните медиуми. Училиштето ги поттикнува родителите да се вклучат во образованието на своите деца преку задолжителни родителски средби, одредување на термини за средби на родителите со наставниците и отворена можност за комуникација со психолошко-педагошката служба и Директорот на училиштето. Со родителите се комуницира преку непосредни средби со нив. Училиштето соработува со локалната заедница. Соработката се остварува преку учество на учениците на предавања од различни области, важни за образовниот и воспитниот процес, од областа на зачувување и унапредување на здравјето, јавни дебати организирани во просториите на локалната самоуправа. Соработката со другите училишта е со учество на патрони празници на средните училишта, учество на спортски манифестации, учество на семинари и взаемни посети на наставниците од различни училишта на кои се разменуваат искуства. |
| **Идни активности:**<br>Потребно е продолжување и продлабочување на соработката со останатите училишта од градот, државата и со училишта надвор од нашата држава. Продолжување на трендот за вклучување на родителите во решавањето на проблемите поврзани со редовноста, поведението, дисциплината на учениците преку нивното присуство на формалните и неформалните средби, како и вклучување и соработка на родителите во различни активности и проекти. |

**Подрачје 6: Ресурси** **Ниво на евалуација: многу добро**

<table>
<tr><td colspan="3">6.1 Сместување и просторни капацитети; Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2">• Просторни услови;<br>• Искористеност на просторните капацитети;<br>- Реализација на точките на акција од воспоставените еко-стандарди</td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Листа за попис на инвентар<br>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- Полугодишен и Годишен извештај за работата на училиштето<br>- Прилози од следење и евалуација на еко-активности</td><td>Гимназијата “Славчо Стојменски” располага со зграда во сопственост на локалната самоуправа, на која во изминатите години се извршени голем број на инфраструктурни зафати во внатрешната и надворешната нејзина конструкција. Современо опремени 27 простории - училници, кабинет по информатиака, простории за раководен, стручен и административен кадар за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Сите капацитети се користат оптимално од страна на сите членови на училиштето.<br>Училиштето располага со:<br>- Доволен број на училници според Европски стандарди, со интерактивни табли илаптоп засекој предметен наставник<br>- Современо опремен кабинет по информатика (со Смарт- табла, 23 компјутери и печатач)<br>- Современи нагледни средства со кои располагаме:25 LCD-проектори (видео бим), 1 скенер, 18 печатачи, 2 ЛЦД телевизори, 36 Лап топ , 5 десктоп компјутери + (20 информати какабинет) 23 -актив боард табли, микроскоп, графоскопи, флекс камера,4 видео надзорни камери и НВР снимач др.<br>- Сите простории и специјализирани училници се климатизирани.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - Училишна библиотека која располага со над 26 000 книги, која постојано се дополнува од различен жанр (стручна, класична, современа и друг вид литература, со сопствена читална во која учениците и наставниците слободно можат да ја користат целата ризница од книги;<br>- Спортска сала, целосно реконструирана и опремена со спортски реквизити, во која учениците часовите по спорт и спортски активности ги реализираат со голема желба и мотивираност.<br>- 2 настрешници и тоа при главниот влез во училишната зграда и при влезот на спортската сала изработени од метална конструкција со „ЛЕКСАН” поставени на 3 метри височина со димензии од 4 м. ширина и 5 м. должина, за безбедно влегување и излегување на учениците и вработените. Поплочен е пристапот до влезот на училиштето.<br>- Пред самиот влез на училиштето има поставено пристапна рампа за лица со физичка попреченост,лифт за транспорт по катовите . Училишен двор, каде учениците во есенскиот и пролетниот период од учебната година ги изведуваат спортски активности и натпревари. Во него има спортска трибина, игралиште за кошарка со поставена најсовремена полифлекс акрилна подлога ( единсвена од ваков тип во државата), одбојка, и терен за атлетика.<br>- Санитарни простории 8, реновирани со нов инвентар и хигиена на високо ниво; |

**Просторни капацитети**

**Материјално техничка опременост**

| | |
|---|---|
| Училници | 27 |
| Специјализирани училници – кабинет По Информатика | 1 |
| Библиотека | 1 |
| Кариерен центар | 1 |

| | |
|---|---|
| Спортска сала | 1 |

**Техничка опрема во училиштето**

| | |
|---|---|
| Десктоп компјутери | 23 +84<br>5 +(20 информатика кабинет) |
| монитори (нефункционални) | 504 |
| LCD проектор | 25 |
| Скенер | 1 |
| Печатач | 18 |
| Лап топ | 36 |
| Интерактивна табла | 23 |
| Телевизор ЛЦД | 2 |
| НВР снимач | 1 |
| Камера за видео надзор | 6 |
| касетофон | 10 |
| Фотокопер | 1 (нефункионален) |

- Искористеноста на расположливите капацитети во училиштето е максимално прилагодена за едносменско работење.
- Воспоставените еко –стандарди и соодветните точки на акција се применети во работата во училиштето.

<table>
<tr><td colspan="3">6.2 Наставни средства и материјали Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала<br>- Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала од областа на еколошкото образование и заштита на животната средина</li><li>Училишна библиотека</li><li>Потрошен материјал</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">– Листа за попис на инвентарот<br>– Листа за попис на библиотеката и архивата<br>– Фактури од книговотството за потрошени средства<br>- Извештај од состаноци на Стручните активи<br>– Извештаи од состаноци на тимот за следење и унапредување на условите за работа во училиштето</td><td>Училиштето располага со квалитетна стручна литература во согласност со наставните планови и програми на гимназиско реформирано образование, се наоѓа во училишната библиотека и е достапна за користење на сите наставници. Наставниците работат во специјализирани училници кои располагаат со современи наставни помагала и тоа телевизори, плазма телевизор, ДВД-проектори(видео бим),, историски и географски карти, компјутери, актив-боард-табла, микроскоп, графоскопи, флекс камера, лакмусова хартија, модел на ДНК, модел на Бакмистер, модел на мраз и др.дидактички средства за поуспешно реализирање на наставата со учениците.<br>Спортската сала е целосно реконструирана и опремена со најсовремени спортски реквизити и помагала во која учениците ја реализираат наставата по спорт и спортски активности со голема желба и мотивираност.<br>Од областа на еколошкото образование и заштита на животната средина не располагаме со литература. Секој наставник си обезбедува самостојно литература за реализирање на еко стандардите во наставата.<br>Посебно пријатно катче е училишната библиотека која располага со лектири и фонд на книги, кој постојано се надополнува, од различен жанр ( стручна, класична, современа и друг вид литература), со сопствена читална во која учениците и наставниците слободно можат да ја користат целокупната ризница од книги.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | Библиотеката располага со вкупен фонд од околу 26480 книги.<br>-Општи дела (Енциклопедии,речници,библиографии,информатика)-1173, Општествени науки и списанија<br>(Социологија ,економија,право,политика,образование) – 1260,<br>Природни науки (Математика,Физика,Хемија,Биологија...) – 789,<br>Уметност,забава,спорт – 130, Географија и Историја – 476,<br>Јазик и книжевност (белетристика-романи,раскази,поезија,драми) -22652<br>Околу 6500 книги се на српскохрватски јазик.<br>Набавениот потрошен материјал (пенкала, хартија, креди, хигиенски средства итн.) ги задоволува потребите на училиштето како резултат на совесното и економично работење на сите вработени, а посебно на Менаџерскиот тим и Тимот за следење и унапредување на условите за работа во училиштето кој ја констатира состојбата и потребите од истите. Во тие тимови покрај директорот се наоѓаат наставници, стручни соработници и лица од техничкиот персонал. Има посебна просторија за сместување на потрошен материјал и одговорно лице кое е задолжено за контрола на истиот. Средствата добиени за нив се распределуваат рационално во текот на целата учебна година.<br>Потребните наставни средства и материјали се утврдуваат на почетокот и во текот на годината по барање на стручните активи доставено во писмена форма, истите ги разгледува директорот кој ја констатира состојбата и одлучува за потребите од истите. |

<table>
<tr><td colspan="3">6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар     Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Број на вработени и соодветност на наставниот кадар</li><li>Ефективност и распоредување на кадарот</li><li>Стручната служба како подршка на наставниот кадар</li><li>Соодветност и распоредување на наставниот кадар и стручната служба во вклучување и реализација на еколошката програма</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">-Извештај од одговорно лице за настава пом.директор.<br>- Куќен ред<br>- Платен список на вработени<br>- Документација во училиштето<br>- Запис од одржани семинари, сертификати.<br>- Записник од педагошки увид на час од страна на директорот и лица од Државниот просветен инспекторат.</td><td>Работата во училиштето ја реализираат вкупно 57 вработени лица. Технички персонал - 7 лица, администрација - 2 лица (секретар и благајник), 1 лице библиотекар , стручни соработници: педагог - 1 лице, психолог - 1 лице, директор на училиштето - 1 лице и 43 наставници од различни профили со соодветна теоретска и стручна наобразба за секој наставен предмет.<br>Воспитно - образовната дејност и наставната работа со учениците, како нејзина компонента, во учебната 2025/2026 година ја реализираше наставниот кадар, (вкупно 43 наставници од кои 35 вработени на неопределено работно време, 5 на определено работно време или на замена и 1 наставник ангажиран од друго училишта). Тие систематично и високо професионално, секој во својот дел од работните активности, самостојно или во соработка со колегите успешно и навремено ги извршуваа поставените работни задачи и обврски.<br><br>Според работното искуство се добива следниот преглед:<br>до 10 год. 11 вработени<br>од 10 -20 год. 17 вработени<br>од 20-30 год. 20 вработени<br>повеќе од 30 год. 9 вработени</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | **Според квалификациите се добива следниот преглед**:<br>- ( 34 ) наставници со високо образование<br>- ( 2 ) наставници доктори на науки<br>- ( 7 ) наставници магистри<br>- ( 1) директор со високо образование<br>-Во администрација има (2) лица со високо образование<br>-Стручни соработници ( 2 ) лица со високо образование, едно магистер<br>- Технички персонал ( 6 ) лица, со средно образование, ( 5 ) лица, со основно образование (1) лице, и хаусмајстор 1 лице со средно образование;<br>- Работниот персонал според национална припадност: Македонци, 52, турчин 1 и 4 од влашка националност.<br>Гимназијата „Славчо Стојменски” располага со хетерогени кадровски ресурси кои високо професионално, секој во својот дел од работните активности, самостојно или во соработка со колегите успешно и навремено ги извршуваат поставените работни задачи и обврски.<br>Работното време во училиштето е организирано во една смена. Доаѓањето на наставниците на работа е најмалку 15 мин. пред почетокот на наставата.<br>Работата на наставниците се одвива според утврден распоред на часови.<br>Работно време за сите вработени во училиштето:<br>- Наставен кадар - од 08:00 час. – 14. 30 час. ,<br>- Стручни соработници: педагог, психолог - прва смена од 07:00 час. – 15:00 час.<br>Библиотекар - од.09.00 – 13.00 час.(четиричасовно, скратено работно време)<br>- Административен кадар од 07:00 час. – 15:00 час.<br>Технички персонал- прва смена од 07:00 час. – 15:00 час.<br>Целиот персонал (машки и женски) редовно е присутен на работа според позитивни законски прописи. (куќен ред).<br>Присутноста на наставниот кадар се евидентира преку чекирање.<br>Останатиот персонал исто така се евидентира преку чекирање, а за отсуствата |

| | |
|---|---|
| | се врши контрола од директорот и секретарот на училиштето.<br>За обезбедување на редот и дисциплината во училиштето задолжени се сите наставници, класни раководители, раководители на смени и педагошко-психолошката служба<br>Стручната служба е на располагање и дава целосна поддршка на наставниот кадар од 7.00 часот до 15.00 часот (библиотека од 07.00 до 15.00 часот.)<br>Наставниот кадар и стручната служба се соодветно распределени согласно нивната стручност за реализација на еколошките активности и интегрирано планирање на наставата на деветте теми во рамки на Проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем“. Секој во својот дел од стручноста превзема соодветни активности и дава придонес за успешна реализација на седумте чекори на еколошката програма. |

| **6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар** | **Ниво на евалуација: многу добро** |
|---|---|
| **Теми:** | • **Професионален развој на наставниците**<br>- Професионален развој (обука) на наставниците – координатори на еколошката програма во училиштата |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| -Записник од педагошки увид на час од страна на директорот и советниците од бирото за образование<br>- Запис од одржани семинари, сертификати<br>- Анкети за наставници<br>- Решение за менторство | Наставникот е носител на воспитно-образовната дејност и главен фактор за правилно градење и развивање на младите личности, модел за позитивна идентификација. Токму поради тоа, наставниците од нашето училиште континуирано професионално и лично се развиваат у усовршуваат, преземаат иницијативност и иновативност во работењето, што води до подобрување на задоволството од работењето и обезбедување поголема ефективност за училиштето. Професионалниот развој го поддржува и кариерниот развој, така што |

| | |
|---|---|
| - Уверение за положен приправнички испит на наставниците во нивното досие | им дава можности за промоција, зајакнување и консолидирање на искуството на сите вработени.<br>Следењето на работата на наставницита се врши преку посебни критериуми, форми и активности и преку надворешна и преку внатрешна евалуација, односно посета  и увид на часовите на наставниците и нивните портфолија од страна на Државниот просветен инспеторат и директорот на училиштето. ( Увид во планирањето и реализирањето на Наставните планови и програми, следење и анализа на учество како ментори и постигнати резултати на ученички натпревари, извештаи за успехот, редовноста и поведението на учениците, извештаи од реализирани проекти, извештаи за учество во обуки за личен професионален развој).<br>Во нашето училиште на наставниот кадар му се овозможува професионално усовршување (обука) и учество на сите едукации и семинари поврзани со екологијата, и еколошките програми интегрирани во наставата.<br>Сите семинари кои ги организира Бирото за образование се посетени од страна на нашето училиште. Специјализирани семинари од коишто има потреба скоро секој наставник за доусовршување  се овозможува на наставници кои покажуваат забележителни резултати во работата, а утврдено од страна    на раководниот тим и стручните соработници преку следење на неговата  работа, добиени признанија на државни и меѓународни натпревари, мислење од  колегите, преку анкетирање на вработените и учениците и сл. |

<table>
<tr><td colspan="3">6.5. Финансиско работење во училиштето      Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиско работење</li><li>Транспарентност во работењето и трошењето на училишниот буџет<br>- Планирање и трошоци на училишниот буџет согласно еколошката програма и воспоставените еко стандарди</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">-Информации од книговотството на училиштето<br>- Информации од УО на училиштето<br>- Статут на училиштето<br>- Информација од УО на училиштето и од директорот</td><td>Гимназијата е непрофитабилна воспитно-образовна институција, која главното финансирање го добива од Министерство за образование и наука на Р.М. Со процесот на децентрализацијата и ставањето на училиштето под капата на Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината на град Штип.<br>Значајни средства училиштето може да обезбеди од донаторства и грантови од аплицирани проекти. Иако се минимални, сепак не се за потценување и средствата добиени од вонредни испити, издавање на дупликат дипломи и свидетелства.<br>Набавки до 1000 евра (противвредност ) на годишно ниво се обезбедува без јавни набавки. Над 1000 евра (противредност) се поднесува барање за прибирање на понуди ( јавни набавки) и над 300 000 денари, плаќањето се врши преку програмот е-плаќање.<br>Книговотството на училиштето заедно со директорот прават годишен финансиски план кој го усвојува Училишниот одбор, потоа Советот на општина Штип а на крајот на годината се прави завршна сметка која ја усвојува Училишниот одбор а потоа и Советот на општина Штип. За Училишниот буџет се информирани наставничкиот совет, Училишниот одбор и Советот на Општина Штип.<br>Плаќањето се врши врз основа на Финансискиот план, со тоа што се</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | изработуваат соодветни месечни обрасци контролирани од локалната самоуправа. За финансиското работење на училиштето информации добива Училишниот одбор, Локалната самоуправа и Советот на родители преку доставување на извештај за финансиското работење на училиштето. Училиштето работи самостојно и е единствено за гимназиско образование во градот. Во склоп на СОУ Гимназија „Славчо Стојменски ”-Штип нема подрачни училишта. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

Гимназијата „Славчо Стојменски” располага со зграда во сопственост на локалната самоуправа, на која во изминатите години се извршени голем број на инфраструктурни зафати во внатрешната и надворешната нејзина конструкција. Современо опремени специјализирани простории и училници, простории за раководен, стручен и административен кадар за успешно реализирање на воспитно-образовната дејност. Сите капацитети се користат оптимално од страна на сите субјекти на училиштето.

**Училиштето располага со:**

- Доволен број на училници -27 опремени според европски стандарди и лаптопи за успешно изведување на наставата.
- Современо опремен кабинет по Информатика (со Смарт- табла, 20 компјутери и печатач) ;
- Современи нагледни средства со кои располагаме:25 LCD- проектори (видео бим), 1 скенер, 18 печатачи, 2 ЛЦД телевизори, 36 Лап топ +5 десктоп компјутери, 23 -актив боард табли, микроскоп, графоскопи, флекс камера и др.
- Сите работни простории и специјализирани училници се климатизирани.
- Електрична количка за инвалидизирани лица - 1
- Санитарни простории 8, реновирани со нов инвентар и хигиена на високо ниво;
- Училишна библиотека која располага со над 26 000 книги, која постојано се дополнува од различен жанр (стручна, класична, современа и друг вид литература, со сопствена читална во која учениците и наставниците слободно можат да ја користат целата ризница од книги;
- Спортска сала, целосно реконструирана и опремена со спортски реквизити, во која учениците часовите по спорт и

спортски активности ги реализираат со голема желба и мотивираност.

- 2 Настрешници и тоа при главниот влез во училишната зграда и при влезот на спортската сала изработени од метална конструкција со „ЛЕКСАН” поставени на 3 метри височина со димензии од 4м. ширина и 5м. должина, за безбедно влегување и излегување на учениците и вработените. Поплочен е пристапот до влезот на училиштето. Пред самиот влез на училиштето има поставено пристапна рампа за лица со физичка попреченост,лифт за транспорт по катовите,
- Училишен двор, каде учениците во есенскиот и пролетниот период од учебната година ги изведуваат спортски активности и натпревари. Во него има спортса трибина, игралиште за кошарка со поставена најсовремена полифлекс акрилна подлога ( единсвена во од ваков тип во државата), одбојка, и терен за атлетика.
- Санитарни простории 8, реновирани со нов инвентар и хигиена на високо ниво;.

Гимназијата „Славчо Стојменски” располага со хетерогени кадровски ресурси кои високо професионално, секој во својот дел од работните активности, самостојно или во соработка со колегите успешно и навремено ги извршуваат поставените работни задачи и обврски.

Гимназијата „Славчо Стојменски” им овозможува на наставниот кадар соодветна стручна наобразба, редовна посета на семинари за стручно усовршување, едукативни дебати, работилници, како и семинари предвидени со програмата за реформирано гимназиско образование.

Наставниот кадар (индивидуално и по стручни активи) учествува на повеќекратни обуки, работилници и семинари, организирани од МОН и БРО,

Гимназијата „Славчо Стојменски” со целосно реконструирани санитарни простории.

Целосно реконструирана кровна површина;

Гимназијата обезбедува транспарентност во работењето и трошењето на училишниот буџет,

а планирањето и трошоците на училишниот буџет се согласно еколошката програма и воспоставените еко –стандарди.

**Клучни слаби страни:**

Дотраена, на многу места оштетена е фасадата на училиштето и не обезбедува термо изолација и енергетски е неефикасна;

Дел од прозорите во училиштето (32 алуминиумски прозори) не дихтуваат, се чувствува провев во просториите;

Во подрумскиот дел на зградата, постои порсторија од 45 м/2, пренатрупана со ИТ застарена опрема, и друг нерасходен отпад, поради што е сосема нефункционална и корисно неискористена.

**Подрачје 6: Ресурси** **Ниво на евалуација: многу добро**

| **Кратка анализа на Подрачјето 6: Ресурси** |
|---|
| Гимназијата „Славчо Стојменски” – Штип е современо, модерно училиште што располага со оптимален број училници, опремени со најсовремени нагледни средства во кои секојдневно се одржува хигиена на високо ниво.<br>Училиштето располага со хетерогени кадровски ресурси кои високо професионално, секој во својот дел од работните активности, самостојно или во соработка со колегите успешно и навремено ги извршуваат поставените работни задачи и обврски.<br>Училиштето располага со квалитетна стручна литература во согласност со наставните Планови и Програми на гимназиско реформирано образование, стручна литература која се наоѓа во училишната библиотека и е достапна за користењена сите ученици и наставници..<br>Набавениот потрошен материјал ( маркери, патрони, пенкала, хартија, креди, хигиенски средства итн.) ги задоволува потребите на училиштето како резултат на совесното и економично работење на сите вработени, а посебно на Менаџерскиот **т**им и Тимот за следење и унапредување на условите за работа во училиштето кој ја констатира состојбата и потребите од истите.<br>Училиштето овозможува професионален развој и кариерерно напредување на стручната служба и наставниот кадар со соодветна подготовка и наобразба преку редовна посета на семинари за стручно усовршување, едукативни дебати, како и семинари предвидени со програмата за реформирано гимназиско образование.<br>За наставниците приправници се избира ментор кој е задолжен да ги оспособи за самостојна воспитно-образовната работа ( реализирање на наставен час,постигнување на целите на часот, изготвување на глобално, годишно, тематско и дневно планирање и изведување на наставата), да ги воведе во сите останати аспекти кои се однесуваат на работата во училиштето, а потоа го надгледува, го оценува во неговата успешност на часот и поднесува извештај за истото.<br>Во Гимназијата „Славчо Стојменски” наставникот е носител на воспитно-образовната дејност и главен фактор за правилно градење и развивање на младите личности, модел за позитивна идентификација и затоа позитивното мислење на колегите за него, мислењето од учениците, родителите и целата средина е негова оценка.<br>Гимназијата е непрофитабилна воспитно-образовна институција, која главното финансирање го добива од Министерство за образование и наука на РС Македонија. Со процесот на децентрализацијата и ставањето на училиштето под капата на |

Локалната самоуправа, целосното финансирање се трансферира преку Општината на град Штип.

Значајни средства училиштето може да обезбеди од донаторства и грантови од аплицирани проекти.

Иако се минимални, сепак не се за потценување и средствата добиени од вонредни испити, издавање на дупликат дипломи и свидетелства.

За финансиското работење на училиштето информации добиваат Училишниот одбор, Локалната самоуправа и Советот на родители преку доставување на Извештај за финансиското работење на училиштето.

**Идни активности:**

- Потребна е целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна;
- Потребна е промена на дел од прозорите во училиштето (алуминиумски) кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура;
- Потребно е пренаменување и опремување на сосема нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата,( пренатрупана со ИТ застарена опрема, и друг нерасходен отпад), во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените.

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика    Ниво на евалуација: многу добро**

<table>
<tr><td colspan="3">7.1.Управување и раководење со училиштето    Ниво на евалуација: многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Управување со училиштето</li><li>Раководење со училиштето</li><li>Спроведување на методологијата  на седум чекори на еко-менаџментот од еколошката програма</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори и податоци</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Статут на училиштето<br>-Годишна програма за работа на училиштето<br>-Записничка книга од состаноци на Училишен одбор<br>-Закон за средно образование<br>-Интервју со претседателот  на Училишниот одбор<br>-Записници  од наставнички совет<br>-Одлуки и извештаи од Училишниот одбор<br>-Програма за работа на директорот<br>-Програма за работа на Училишниот одбор;<br>-Анкетирање на наставници, ученици и родители<br>- Интервју  со директорот<br>- Записници од состаноците на раководниот тим</td><td>Начинот на донесувањето на одлуки, транспарентноста и законитоста во управувањето со училиштето  и креирањето на неговата политика,  во и надвор од него, е подрачје кое на специфичен и себесвојствен начин го обезбедува развојот на целокупниот воспитно-образовен процес, и  е од  огромно значење.<br>Училишниот одбор како највисоко тело на управување, со својата работа придонесува  и   овозможува  на училишната органозација  континуирано да се развива и трансформира во организација која ќе биде препознатлива и управувана на осмислен и конзистентен начин.<br>За да може  Училишниот одбор да одговори на овие барања, пред се` треба да обезбедува  соработка а не ривалство, треба континуирано да стекнува теориски и практични знаења и да се справува  со предизвизвиците од промените  кои се неопходни  во процесот на развојот на училиштето.<br>Значи, Училишниот одбор треба заеднички да развива идеи, предлози, ставови, и вредности кои ќе се обединат во визијата за позитивни промени во училиштето.<br>Аналагно, на горенаведеното, Училишниот одбор во гимназијата, е во состојба доследно  да одговори на овие барања, бидејќи тој  обезбедува кооперативност, а не ривалство, и континуирано  стекнува теориски, практични знаења. не стравува од промените  кои се неопходни  во процесот  на развојот на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| - Извештаи од работата на Еко-одборот на училиштето | училиштето.<br>Училишниот одбор е највисок орган на управување со училиштето. Тој е конституиран согласно Деловникот за работа на УО, законската регулатива и Статутот на училиштето. Во него членуваат 12 членови и тоа: 4 претставници од наставниците, 3 претставници од родителите односно старателите на учениците, 3 претставника од основачот,1 претставник од Министерството за образование и наука и 1 претставник од деловната заедница. Ваквата структура на Училишниот одбор е во согласност со Законот за средно образование ( чл. 88, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20, 78/25 и 132/25). со кој се регулира составот на Училишните одбори во средните училишта на РС.Македонија. Надлежностите за управување се јасно дефинирани во одредбите содржани во овој Закон и тие во целост се почитуваат и се извршуваат во нашето училиште. Училишниот одбор работи по сопствена опертивна Програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето за 2025 / 26 г. (стр. 108-111) Програмата за работа на Училишниот одбор ги содржи сите потребни аспекти: структура, начин на работа и содржини за работа - кои се планираат на почетокот на учебната година, со можност за имплементирање и на други содржини произлезени од тековното работење. За секоја содржина предвидени се носители и дадена е временската рамка. Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат секогаш со мнозинство од членовите. Освен во предвидените временски рамки, Училишниот одбор може да свикува и дополнителни седници, ако училиштето има потреба од тоа.<br>За одлуките донесени на Училишен одбор се информираат, вработените и сите заинтересирани субјекти и тоа преку електронска пошта, огласна табла, неформални и формални средби со наставничкиот колегиум и преку Извештајот |

| | |
|---|---|
| | за работа на училиштето за календарската година. За некои одлуки од Училшниот одбор се расправа и на Наставнички совет.<br>Училишниот одбор активно соработува со Просветниот инспекторат (општински и републички), Мининистерството за образование и наука, Бирото за развој на образование, Комисијата за образование и останатите комисии при Советот на Општина Штип.<br>Со училиштето раководи Раководниот тим на училиштето составен од директор-1, психолог-1 лице, педагог-1 лице и наставници претседатели на стручните активи во училипштето.<br>Директорот е раководен орган на училиштето. Тој е одговорен за законитоста во работата и за материјално финансиското работење на училиштето. Директорот ја организира и раководи воспитно-образовната работа, самостојно донесува одлуки и го застапува училиштето пред трети лица. За своето единаесетмесечно работење (колку што трае една учебна година) во својата Оперативна програма за педагошко - инструктивна работа (која е во состав на Годишната програма за работа на училиштето 2025//26 г. (стр.87-93), директорот планирал активности со прецизно дефинирање на целите од функционален аспект, организациски аспект, од аспект на дејноста, и опфаќа аминистративно-организаторски и педагошко-инструктивени аспекти, со цел, за успешна подготвеност, нормално одвивање на воспитно образовната работа, почитување на законската регулатива, грижа за осовременување на училиштето, повисоко ниво на организационата поставеност на училиштето, ефикасност во функционирањето на целокупната работа на училиштето, унапредување и осовременување на воспитно-образовната работа, кои се реализираат според предвидената временска рамка.<br>По спроведениот скалер од Ликертов тип и анализата на резултатите добиени од оценките за изразен интензитет на судот, на исказите:<br>- Директорот редовно одржува состаноци со вработените за разгледување на идните работни задачи,<br>- Директорот искрено се залага и бори за своите вработени, |

| | |
|---|---|
| | - Директорот обично ги пофалува вработените за добро извршената работа,<br>- Директорот настојува да ги охрабри вработените,<br>- Директорот не ги критикува вработените поради ситници, за дијагностицирање на ставовите и мислењата на вработените за параметарот поддршка од директорот, се покажа дека директорот со своето однесување и стил на раководење води грижа и се залага за вработените, дава поддршка, ги мотивира и ги поттикнува вработените на меѓусебна соработка.<br>Целиот раководен тим е во постојана координација и соработка.<br>Раководните органи на училиштето успешно ги согледуваат, ги координираат и ги обединуваат сите аспекти и проблеми и потреби на сите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес и воопшто во животот на училиштето. Раководните органи постојано ја поттикнуваат , развиваат и следат тимската работа. Донесуваат праведни и одговорни одлуки и имаат професионален однос кон работата која се заснова на најнови вештини и технологии во процесот на образованието. Тие, умешно комуницираат со учениците, со вработените и со родителите. Ги иницираат и успешно спроведуваат сите нови текови во образованието. Во центарот на своето работење ги ставаат постигнувањата на учениците и работат на постојано подобрување на квалитетот и имиџот на училиштето. Успешно и продуктивно остваруваат партнерства со локалната заедница, невладиниот сектор како и други институции кои се поврзани со делокругот на работа на училиштето.<br>Во склоп на училиштето нема подрачни училишта.<br>Раководниот тим, кој е во постојан контакт со останатите субјекти во училиштето, одржува секојдневни неформални состаноци кои се однесуваат на исполнувањето на секојдневните обврски. Формалните состаноци за кои се водат и записници, се одржуваат при заедничките подготовки на советите на годините односно паралелките и наставничките совети со цел дефинирање на задачите во претстојниот период и решавање на тековни проблеми.<br>Раководниот тим на училиштето успешно ја спроведува методологијата на |

| | |
|---|---|
| | седумте чекори на еко-менаџментот. Тој активно е вклучен во имплементирањето на активностите во рамки на еколошката програма. Редовно се грижи за реализацијата на седумте чекори на еко-менаџментот деветте еколошки теми, делува мотивирачки за ефикасно и ефективно спроведување на Пеограмата во рамки на проектот „ Интеграција на екололошката едукација на младите во Македонскиот образовен систем„ и донесува и спроведува одлуки согласно истата. |

| **7.2 Цели и креирање на училишната политика** | **Ниво на евалуација :многу добро** |
|---|---|
| **Теми:** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>- Јасност и соодветност во поставувањето на целите за реализација на Планот на активности од еколошката програма<br>• **Процедури за креирање на училишната политика**<br>**-** Вклучување на еколошкото образование и заштитата на животната средина во креирањето на училишната политика |
| **Извори и податоци** | **Идентификувана состојба** |
| - Записници од Училишниот одбор<br>- Годишно планирање на училиштето<br>- Годишната програма за работа на училиштето<br>- Анкета со директорот<br>- Записници од Наставнички совет<br>- Записници од Совет на родители<br>- Записници од дневници за работа<br>-Записничка книга на Училишен одбор | Целите и креирањето на училишната политика произлегуваат од целите на државната и локалната образовна политика. Тие се јасни и конкретни и се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, подигнување на нивото на знаењата на учениците, постигнување на подобри резултати и справување со предизвиците произлезени од нивната возраст и социо-емотивен развој. Тука се и Превентивните програми со различни актуелни содржини, агресивност и насилство (од секаков вид), болести на зависност (дрога,алкохол цигари, малолетничка деликвенција, зависност од интернет, трговија со луѓе.) во соработка со стручни лица од установи за безбедност, здравство и локалната самоуправа. |

| | |
|---|---|
| - Анкета со наставници, ученици и родители<br>-Интервју со ученици<br>- Правилник за пофалување, наградување и казнување на наставниците и техничкиот персонал<br>- Правилник за пофалување, наградување и изрекување на педагошки мерки на учениците | За подобра интеракција во училиштето исто така се планира организирање на одредени активности, како и посети на установи и соодветни прдавања<br>Друг дел од целите се насочени кон подобрување на дисциплината во училиштето, елиминирање на секаков вид дискриминација, заштита на учениците од сексуална злоупотреба, грижа за нивното здравје и заштита од секаков вид злонамерни надворешни влијанија.<br>Во креирањето на ваквите цели клучна улога имаат директорот, педагошко-психолошката служба, наставниците, родителите и раководниот тим. Тие ги идентификуваат проблемите, ги информираат одговорните субјекти, кои преку соодветни форми и законски одредби градат политики за нивно разрешување. Наставниците, родителите и учениците, како заинтересирани субјекти, се информират за училишната политика преку Годишната програма за работа на училиштето.<br>Врз основа на Законот за средно образование, училиштето има изготвено Правилник за пофалување, наградување и казнување на учениците, наставниците и техничкиот персонал кој се применува во сите потребни ситуации.<br>За остварување на некои од целите, училиштето се повикува на Граѓанските организации, кои преку свои локални или национални проекти, работат на такви или слични проблеми.<br>Училиштето води грижа за ученици со различни предиспозиции и способности преку организирање и изведување на редовна, додатна, дополнителна, консултативна, настава како и проектни и вон-училишни активности.<br>Во училиштето наставата се изведува на македонски литературен јазик и кирилско писмо. |

<table>
<tr><td colspan="2">7.3 Развојно планирање Ниво на евалуација:многу добро</td></tr>
<tr><td>Теми</td><td><ul><li>Цели на развојното планирање</li><li>Професионален развој / стручно усовршување на кадарот</li><li>Материјално- технички средства</li><li>Инфраструктура</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на на докази</td><td>Идентификувана состојба</td></tr>
<tr><td>- Годишна програма за работа на училиштето<br>- План за евалуација<br>- Анкети со ученици<br>- Анкета со директор<br>- Анкета со родители<br>- Анкета со Совет на родители<br>- Анкета со ученици<br>- Анкета со наставници и стручни соработници</td><td>Стабилноста на нашето училиште ја одржуваат следните три столба: цел, практика и постигнувања. Организациската структура дава податоци за поделбата на работата во организацијата и покажува како различните функции и активности се поврзани. Постоењето на едно училиште ќе биде неизвесно доколку не постои воспоставен систем на цели што се основа за градењето на училишната развојна визија. Во таа визија се вградени многу желби, надежи, интенции, планови, како лични, така и училишни. Овие три столба ги третираме паралелно, и тоа:<br>- Од аспект на процесот на работа и живеење во училиштето;<br>- Од аспект на индивидуите во тој процес<br>Во гимназијата е присутна иницијативноста и иновативноста (постоење на разноликост, применување на нови пристапи, форми и методи во работењето, прифаќање на предизвици и промени) како и планирањето и креирање развој на училиштето, што укажува на познавањето на целите и вклучување во планирањето за развој на училиштето и споделена и заедничка визија на училиштето.<br>Како дел од Годишната програма за работа на училиштето е Училишното годишно планирање. Во неговата изработка се вклучени дел од раководниот тим и педагошко-психолошката служба во училиштето. Тоа содржи стратешки, развојни, конкретни цели и план за евалвација на постигнатите резултати, како и надворешна евалвација. Изборот на стратешките и развојните цели се базира на одредени индикатори кои се</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | добиени од релевантни извори. Најчести извори се наставниците кои во текот на своето работење се соочуваат со проблемите и потребите на учениците, но и со сопствените потреби и проблеми од објективен карактер, а за чие разрешување е надлежно самото училиште. Во табелите за секоја развојна цел се посочени индикаторите на квалитет и изворите на податоци. Ваквата поставеност на работите сведочи дека планирањето на активностите се темели на реалните потреби и проблеми со кои чинителите на воспитно-образовната работа се соочуваат во текот на работата и секојдневната пракса.<br>По реализираните активности за секоја стратешка цел се практикуваат евалуациони листови од кои може да се согледа степенот на надминатоста на проблемот.<br>Во планот за евалуација се определени: методологијата, критериумите, инструментите, динамиката и носителите на активности со кои се следи успешноста или неуспешноста во реализирањето на поставените цели.<br>Училиштето преку редовно одржување на состаноци со Советот на родители, родителски средби и Наставнички совет ги запознава сите заинтересирани субјекти за реализација на целите и активностите земајќи ги притоа во предвид нивните предлози и ставови.<br>Во Гимназијата, наставниот кадар континуирано прфесионално и стручно се надоградува и усовршува, следејќи ги воспитните, образовните, информатичките, технолошките, економските и општествените промени и трендови. При тоа ги користи новите истражувања и достигнувања од областа на оштествените и природните науки.<br>Професионалниот развој, односно стручното усовршување на наставниот кадар, претставува планиран, партиципативен но и континуиран процес, кој го поддржува развојот на поединците и ги задоволува потребите од промени на училиштата во кои тие работат. Професионалниот развој се однесува на континуираните потреби на вработените за напредување во кариерата и нивниот професионален и личнен развој,за да се постигнат конкретните цели на училиштето.<br>Професионалниот развој се однесува на подобрување на задоволството од работењето, обезбедува поголема ефективност и ефективност во работењето на |

| | |
|---|---|
| | наставниците и стручните соработници, но обезбедува и поголема приврзаност на вработените кон училиштето во кое работат. Професионалниот развој го поддржува кариерниот развој, така што им дава можности на оние кои бараат промоција, и преку зајакнување и консолидирање на искуството на сите вработени.<br>Гимназијата „Славчо Стојменски” располага со зграда зграда на четири ката од тврда градба ( со 4500 м2 бруто површина и 4300 м2 нето површина) во сопственост на Општина Штип, на која се извршени голем број на инфраструктурни зафати во надворешната и внатрешната нејзина конструкција. Современо опремени специјализирани простории и училници, псорстории за стручен и административен кадар за успешно реализирање на целокупната работа во училишната организација.<br><br>**Мапа на училиштето по катови** |

| | |
|---|---|
| | <br>Училиштето располага со:<br>Просторот од  (4 м2)  по ученик е основен предуслов за  нормален престој и |

| | |
|---|---|
| | непречено изведување на наставната работа со учениците. Цениме дека имаме оптимални просторни услови за едносменско работење кое гарантира успешно функционирање на вработените и учениците во училиштето, како и реализирање на соработка и контакти со родителите и посетителите.<br>Училиштето располага со:<br>- Современо опремен кабинет по Информатика, со потребната информатичка технологи за настава;<br>- Специјализирани училиници (27) се опремени со современи нагледни средства и тоа: ЛЦД -проектори (видео бим), aktiv board- табли, микроскоп, лакмусова хартија, модел на ДНК, модел на Бакмистер, модел на мраз, историски и географски карти, касетофони и др. дидактички средства за поуспешно реализирање на наставата со учениците;<br>Сите учлници се климатизирани, и се снебдени со лап топи за квалитетно изведување на наставата.<br>Посебно пријатно катче е училишната библиотека која располага со лектири и фонд на книги, кој постојано се дополнува, од различен жанр (стручна, класична, современа и друг вид литературара ), со сопствена читална во која у чениците и наставниците слободно можат да ја користат целокупната ризница од книги;<br>Целосно реконструирана и опремена со спортски реквизити, спортска сала,, во која учениците, часовите по спорт и спортски активности, ги реализираат со голема желба и мотивираност;<br>Настрешница при влезот во училишната зграда, изработена од метална конструкција со „Лексан” поставена на 3м. височина со димензии од 4м. широчина и 5м. должина.. Изградбата на стабилна настрешница при влезот, овозможува зголемена безбедноста во пристапот на учениците и на вработените во уилишната зграда; Училишниот двор со површина од 410 м2 е место каде што учениците во есенскиот и ппролетниот период од учебната година ги изведуваат спортските активности и натпревари. Во него има игралишта за одбојка, кошарка и терени за атлетика. Бидејќи . дворот на училиштето е добро уреден, чист простор и |

| | |
|---|---|
| | осветлен со рефлектори во вечерните часови во него се рекреираат и младите речиси с целиот град.Урeдениот и озеленет простор „Паркот на генерациите“ од 300 м2 околу училиштето. и фонтана;<br>На влезната врата е поставена пристапна рампа за достапност на лица со физички пречки;<br>Целосно реконструирана кровна површина на училишната зграда и спортска сала. |

**Резултати:**

**Клучни јаки страни:**

- Да се продолжи со досегашниот докажан начин на управување и раководење со сите расположливи ресурси на училиштето, кој подразбира ефикасно и ефективнно менаџирање;
- отвореност во креирањето на политиката, како сопствена и препознатлива платформа;
- Конструктивна комуникација со сите инстанци и работење насочено кон постојано подобрување на воспитно-образовен процес и целокупната работа на училишната организација;
- Присуство на иницијативност и иновативност, постоење на разноликост, применување на нови пристапи, форми и методи во работењето, прифаќање на предизвици и промени;
- Ппланирање и креирање развој на училиштето, познавање на целите и вклучување во планирањето за развој на училиштето и споделена и заедничка визија на училиштето.
- формирани се сите раководни структури согласно Законот за средно образование и Статутот на училиштето
- раководните структури имаат изготвено Годишни Програми за работа
- во училиштето има воспоставено хоризонтална и вертикална соработка меѓу раководните структури и останатите субјекти во училиштето
- успешно креирана училишна политика за поддршка во функција на добросостојба на учениците
- соработка со локалната заедница и Граѓанските здруженија
- транспарентност на работата на училиштето преку перманентна соработка со медиумите
- планирање на активности усогласени со реалните потреби на учениците
- градење на капацитети за децентрализирано образование
- обезбеден оптимален, пријатен и стимулативен простор за учење, работа и престој во училиштето.
-

**Клучни слаби страни:**

- Потребно е (поставување) целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна;-
- Потребна е промена на дел од прозорите во училиштето (алуминиумски) кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура;
- Потребно е пренаменување и опремување на сосема нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата,( пренатрупана со ИТ застарена опрема, и друг нерасходен отпад), во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика  Ниво на евалуација: многу добро**

**Кратка анализа на Подрачјето 7: Управување, раководење и креирање политика**

СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“ – Штип, се карактеризира со високо воспоставена организациска структура и на хоризонтално и на вертикално ниво. Наставниот кадар, административната, стручната служба и техничкиот персонал, високо професионално, секој во сопствениот домен на компетенции и ингеренции си ги извршува своите работни обврски и задолженија. Во училиштето раководењето и креирањето на политиката е на демократски, транпарентен начин и во функција за доброто на учениците, вработените и Општината.

Училишната зграда е од тврда градба на четири ката со нето површина од 4300 м2, Учениците имаат доволен простор од 4 м2 по ученик, кој им овозможува оптимален простор за учење и престој во училиштето.

На влезот во училиштето е поставена пристапна рампа за достапност на лица со физички пречки; и транспортер за полесна мобилизација.

Раководниот кадар води грижа за животната средина, редот, хигиената и безбедноста на сите присутни во училиштето и училишниот двор.

**Идни активности:**

-Да се продолжи со трендот на професионална едукација и личен и професионален развој на носителите на воспитно-образовниот процес со обуки, семинари и работилници кои го налага процесот на глобализација и современото општествено живеење;.

- Да се изврши целосна реконструкција на дотраената, и на многу места оштетена фасада на училиштето која не

обезбедува термо изолација и е енергетски неефикасна;-

- Да се направи промена на дел од прозорите во училиштето (алуминиумски) кои не обезбедуваат потребна изолација во просториите и има загуба на оптимална временска температура;
- Да се изврши пренаменување и опремување на сосема нефункционална и неискористена просторија во подрумскиот дел на зградата,( пренатрупана со ИТ застарена опрема, и друг нерасходен отпад), во повеќенаменска просторија, за потребите на учениците и вработените

***Ул. „Васил Главинов“ бр. 4, 2000 Штип***
***Phone: 032/ 391 459***
***Fax: 032/ 380 633***
***Email: sstojmenski@yahoo.com***
***www: slavcostojmenski.edu.mk***